ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-311/23

Дата: 16.05.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Извршивме ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија“. Ревизијата на успешност е спроведена да одговори на прашањето: “Дали надлежните институции преземаат мерки, активности и проекти за ефикасна заштита на шумите во РМ“.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:
Со извршената ревизија, констатирани се состојби кои имаат влијание на ефикасноста на преземените мерки, политики и проекти за заштита на шумите во РМ.

За воспоставување на целосен и ефикасен систем на заштита на шумите во РМ, констатиравме дека не се преземени сите неопходни активности од страна на надлежните институции за: спроведување на попис и воспоставување на катастар на шуми и шумско земјиште, заштита на шумите од нелегална сеча, заштита од пожари, пошумување и чување на шумите, преземање на мерки и активности за донесување и ажурирање на основните плански документи за заштита на шумите, донесување на подзаконската регулатива поврзана со заштита на шумите, заштита на шумите од штетници, завршување на започнатите проекти, спроведување на пошумувањето на начин на кој што ќе се обезбеди поголема ефикасност и успешност, обезбедување на дополнителни финансиски средства за започнување на предвидените проекти, зајакнување на кадровските капацитети, обезбедување на материјално технички средства што треба да резултира со соодветни и сеопфатни политики и инструменти за подобрување на состојбата со шумите, обезбедување на финансиски средства за нивна заштита, подобра комуникација и координација

помеѓу надлежните институции, како и поголема ефикасност на надлежните институции задолжени за надзор, мониторинг и контрола на шумите во РМ.

Реализацијата на наведените активности ќе придонесе за воспоставување на ефикасен систем за заштита на шумите во РМ, со цел да се зачува нивната состојба, како и да не се дозволи нивно уништување, имајќи го во предвид еколошкото значење на шумите за животот на луѓето во РМ, кои претставуваат дел од **националното богатство**, односно наследство.

Активностите на ревизијата на успешност имаат за цел да помогнат наредните активности на надлежните институции да се фокусираат на исполнување на поставените постулати за заштита на шумите во РМ.

Периодот кој беше опфатен со Ревизијата на успешност е 2015 - 2017 година, иако одредени области, прашања и настани се опфатени пред 2015 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија.
Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме со спроведените техники и методологија, ни дадоа основа да утврдиме повеќе состојби, кои влијаат на ефикасноста на заштитата на шумите во РМ во следните области:

**Правна и стратешка рамка за заштита на шумите во Република Македонија**

Во делот на донесување и имплементација на законските и подзаконските акти поврзани со заштита на шумите во РМ, констатиравме дека не се преземени активности за:

- ажурирање на стратегија за одржлив развој на шумарството во РМ;
- изработка и донесување на општ план за стопанисување со шумите во РМ, како основен плански документ;
- спроведување на национална инвентаризација, вршење на попис и воспоставување катастар на шуми и шумско земјиште;
- воспоставување на единствен информативен систем и регистар за шумските пожари;
- воспоставување на информативен систем во шумарството;
- донесување на национален план за управување со пожарите на отворен простор;
- формирање на национален комитет;
- формирање на национален совет за шумарство.

**Финансирање на заштитата на шумите во Република Македонија**

Во однос на финансиските средства ги констатиравме следните состојби:

- не се врши уплата на средствата од страна на ЈП Македонски шуми и ЈУ Национален парк Галичица по основ на проширена репродукција на шумите;
- не се издвојуваат средствата за проста репродукција на посебна сметка;

- не се врши уплата во Буџетот на РМ, по основ на продажба на одземената дрвна маса од бесправна сеча од страна на ЈП Македонски шуми;
- потреба од кадровско екипирање, спроведување на редовни обуки и промена на организационата поставеност на Секторот за шумска полиција;
- не е извршена трансформација на ЈП Македонски шуми.

**Состојба, потенцијални загрозувачи на шумите во Република Македонија**

Утврдивме повеќе состојби како потенцијални опасности за шумите во РМ и тоа:

- утврдена е поголема потрошувачка на огревно дрво од страна на домаќинствата во Република Македонија од евидентираната посечена дрвна маса;
- неусогласеност помеѓу добиените податоците за бесправна сеча од ЈП Македонски шуми, Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Државниот завод за статистика за 2014 година;
- уништување на шумите во Република Македонија со нелегалната сеча;
- потребата од пополнување со шумочувари на предвидените шумочуварски реони во ЈП Македонски шуми;
- потреба од поголема заштита на шумочуварските реони од бесправни сечи и кражби;
- преиспитување на потребата од формирањето на две служби - шумочуварска служба и чуварска служба во заштитени подрачја во националните паркови;
- недоволна координираност, екипираност и опременост на шумската полиција и шумочуварската служба;
- недоволната екипираност, обуки за техничката служба и неповолна старосна структура на пилотите во авиоодделението;
- недостиг на човечки ресурси, обука и опрема за навремена интервенција за локализација и спречување на шумските пожари;
- недонесена уредба за утврдување на оперативните постапки, регулирање на постапките за меѓусебната комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи;
- потреба од зголемување на бројот на пожарникари во ТППЕ, спроведување на обуки, набавка на опремата и возила за гасење на пожари;
- недоволна координација, комуникација и соработка, помеѓу субјектите надлежни за заштита на шумите од пожари;
- непревземањето на предложените мерки дадени од ИДП службата за уништување на штетниците;
- неспроведено авиосузбивање на гасениците од боровиот четник во шумите во последните 7 години.

**Мерки за ефикасна заштита на шумите во Република Македонија**

Во оваа област ги констатиравме следните состојби:

- утврдени неправилности од страна на одделението за надзор и внатрешна контрола за работењето на вработените во ЈП Македонски шуми при извршувањето на редовните работни обврски;
- не е донесена Програма на мерки и активности за собирање на податоци за оштетеноста на шумите и не е воспоставен регистар на оштетеноста на шумите;
- не се користи целосно македонски информациски систем за шумски пожари (МКФФИС) од страна на сите надлежни институции;
- потреба од донесување на подзаконски акт со кој ќе се регулира влажноста на дрвната маса во Република Македонија;
- потребата од непосредна комуникација и координација на сите релевантни институции, пред да се започне определен проект со кој може да се влијае врз нарушување на состојбата на шумите во Република Македонија;
- користење на електронскиот систем за следење на дрвна маса од страна на сите надлежни институции;
- спроведената анализа за успешност на акцијата „Ден на дрвото“ утврдила мал процент на успешност на пошумувањето;
- недоволна вклученост на Шумарскиот факултет – Скопје, како стручна институција во шумарството.

За надминување на погоре наведените состојби дадовме и препораки кои се насочени кон надлежните институции, истите се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на ефикасноста на заштитата на шумите во РМ, кои се дел од овој извештај.

Поголема комуникација и соработка помеѓу надлежните институции во РМ кои преземаат мерки и активности за заштита на шумите, ќе придонесе за подобрување на состојбите, за размена на мислења, решавање на определени проблеми кои се значајни за заштитата на шумите, изработка на процедури, програми, планови, мерки, активности и контроли кои во голема мера ќе придонесат за поголема ефикасност во заштитата на шумите во РМ.

Укажуваме дека потребно е надлежните институции да ги зајакнат контролите поврзани со заштитата на шумите. Со зголемување и подобрување на ефикасноста на контролните механизми, ќе се обезбеди поголема ефикасност во заштитата на шумите во РМ, преку лоцирање на определени активности кои влијаат врз заштитата на шумите.

Со оваа ревизија утврдивме дека е потребно реализирање на Програмите за проширена репродукција, како и утврдување на поголеми финансиски средства согласно Законот за шумите. Решавањето на овој проблем кој повеќе години е актуелен, ќе придонесе за подобрување на финансиската состојба, како и можност поголем дел од финансиските средства да се насочат кон подобрување на целокупната состојба во областа заштита на шумите во РМ.

Исто така укажуваме на потребата од поголема меѓународна соработка во насока на обезбедување на финансиски средства за реализација на проекти во интерес на заштита на шумите во РМ.

Ревизијата укажува дека независно од која институција ќе започне определен проект кој што на некој начин може или влијае врз состојбата на шумите во РМ, потребно е да се добие мислење од надлежните институции со цел да не се дозволи да се започне некој проект за кој подоцна ќе се утврди дека истиот може да биде потенцијален уништувач на шумите во РМ.

Од извршената ревизија на успешност утврдивме дека човечкиот фактор е еден од најважните елементи во „ланецот„ на институции кои имаат улога при заштитата на шумите, имајќи во предвид дека за најголем дел од шумските пожари во РМ причина е човечки фактор и затоа потенцираме дека од големо значење е посветување должно внимание од страна на граѓаните, со чие невнимание може да влијаат врз уништувањето на шумите.

Ревизијата укажува и на потреба од постојано зголемување на површините под шуми преку пошумување на голини со квалитетен растителен материјал, со предност на автохтоните видови, преку организирано спроведување на акции за пошумување со вклучување на надлежните институции и со донесување на Национална стратегија за пошумување во РМ.

Имајќи во предвид дека најголем дел од домаќинствата во РМ го користат дрвото како основен реагенс за затоплување, потребно е да се направат анализи за можноста од зголемување на користењето на алтернативни еколошки извори на загревање. На ваков начин ќе се придонесе и за заштита на животната средина, преку намалување на штетните материи кои се испуштаат во атмосферата од користењето на дрвото и другите реагенси за затоплување на домаќинствата.

Со промена на начинот на загревање и користење на алтернативни извор на загревање ќе се придонесе за поголема ефикасност во заштита на шумите во РМ.

Според Законот за шуми, шумите се природно богатство и се добро од општ интерес за Републиката, **„Да започнеме да ги третираме така“.**
Од страна на раководното лице на ДЗС добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел претставуваат известувања, односно став на ДЗС за констатираните состојби, а дел претставуваат забелешки кои не се прифатени од страна на овластениот државен ревизор.
Од страна на раководното лице на МЗШВ добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел претставуваат известувања, односно став на МЗШВ за констатираните

состојби, а дел претставуваат забелешки од кои само една е прифатена, која претставува техничка грешка.

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Вовед

Земјиштето во РМ е поделено на шуми, пасишта, обработливо земјиште, голини и друго, од кое шумите опфаќаат 38%. Класификацијата на земјиштето е прикажана на следниот графикон.




Под поимот **шуми и шумско земјиште** најчесто се подразбира ресурс кој дава материјални добра, во прв ред дрво и други шумски производи како лековити растенија, делови од растенија, печурки, плодови и слично.

Покрај економската функција, шумите имаат и многубројни други корисни функции за општеството како што се:

- одморот и рекреацијата на луѓето;
- заштита на биодиверзитетот и запирање на ерозијата;
- благопријатно влијание врз климата и режимот на водите;
- производството на кислород и квалитетот на животната средина итн.

Шумите претставуваат **дел од националното богатство,** односно наследство на РМ. Во Уставот на РМ е уредено дека сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката кои уживаат посебна заштита.

Според податоците од Државниот завод за статистика на РМ вкупната површина под шума **изнесува 983 388 хектари, од кои** 90% се во државна, а 10% во приватна сопственост. Површината и составот на шумите во РМ се прикажани на следните графикони.




Во однос на состав, шумите се поделени и тоа:
- 58% листопадни шуми;
- 7% иглолисни шуми;
- 30% мешани шуми и
- 5% деградирани шуми.




Шумовитоста изнесува 49 ha/жител. Таа во различни региони од државата е различна, при што централните делови се одликуваат со помала шумовитост за разлика од западните и пограничните региони.

## 2. Законска регулатива и стратешки документи

Законската и подзаконската регулатива во РМ со која се регулира областа заштита на шумите, главно е определена со:
- Стратегија за одржлив развој на шумарството во РМ;
- Стратегија за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави;

- Закон за шумите[1];
- Закон за шумарска и ловна инспекција;
- Закон за заштита и спасување;
- Закон за управување со кризи;
- Закон за заштита на природата;
- Правилник за правилата за вршење на работите на шумска полиција;
- Правилник за униформата и видот на оружјето што го носат припадниците на шумската полиција;
- Правилник за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварски реон;
- Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи;
- Правилник за посебните мерки за заштита на шумите од пожари;
- Правилник за начинот на собирање на податоците, водење на регистарот на шумски пожари и условите за користење на податоците;
- Правилник за начинот на вршењето на работите на извештајно дијагнозно прогнозна служба;
- Правилник за начинот на собирање на податоците, водењето на регистарот на шумските пожари и условите за користење на податоците;
- Правилник за посебните мерки за заштита на шумите од пожари;
- Правилник за службената униформа, легитимацијата, видот на службеното вооружување што го носат припадниците на шумочуварската служба и начинот на користење на службеното оружје;
- Уредба за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари;
- Уредба за начинот на ангажирање на тимовите за брз одговор;
- Уредба за начинот и времетраењето на ангажирањето на граѓаните во заштитата и спасувањето;
- Стандардна оперативна процедура за спроведување на заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
- Стандардни оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите од системот за управување со кризи во прогласена кризна состојба.

**Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија[2]**

Во февруари 2005 година, Владата на РМ започнала со процесот на изработка и донесување на **Национална шумарска политика и стратегија**. Процесот се темели на светски признати принципи, придонеси од експерти како и од сите засегнати страни и општеството како целина. Со стратегијата се поставени основните за донесувањето на одлуки во овој сектор **во наредните 20 години.** Површините под

[1]„Службен. весник на РМ“ број 64/09; 24/11; 53/11; 25/13; 79/13; 147/13; 43/14; 160/14; 33/15; 44/15; 7/16 и 39/16.
[2]Стратегија за одржлив развој на шумарството во РМ 19.06.2006 година

шуми потребно е постојано да се зголемуваат, преку пошумување на голини со квалитетен растителен материјал, со предност на автохтоните видови. Одгледувањето и заштитата на вештачки подигнатите шуми треба да бидат навремени и соодветни, со што ќе се обезбедат биолошки и економски квалитетни шуми. Почитувањето на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување треба да ги искоренат бесправните сечи и другите штетни активности во шумарството.

Активностите ќе придонесат за зголемување на севкупната дрвна маса и подобрување на квалитетот на шумите и дрвото. Согласно стратегијата посебно внимание треба да се посвети на зачувувањето и заштитата на шумите како носечки екосистем. При пренамножување на штетници, одговорните институции потребно е да реагираат брзо и адекватно, со примена на еколошки прифатливи мерки за сузбивање.
Стратегијата предвидува раководните лица и сите вработени во шумарскиот сектор да располагаат и да користат најсовремена технологија и да бидат постојано во чекор со најновите научни и технолошки достигнувања. Исто така потребна е соработка со научно образовните институции при доквалификација, специјализација, научни истражувања и апликативни активности. Шумарството треба да воспостави постојано ажурирана и ефикасна база на податоци достапна за сите релевантни субјекти. Преку свои квалификувани претставници од државни и невладини тела, шумарството ќе членува во сите значајни меѓународни организации и активно ќе учествува во размената на знаења и искуства од својата област.

Во стратегијата се утврдени следните мерки:

- Поттикнување на активностите и обезбедување поддршка за зголемување на обемот на пошумувањето со приспособени дрвни видови согласно со глобалната реонизација и локалните услови, вклучувајќи обнова на деградирани шуми, пошумување на напуштени неквалитетни земјишта, како и други неискористени земни површини;
- Спроведување на одгледувачки мерки особено во млади шуми, како и обнова на деградирани шуми, забрзување на конверзијата на нискостеблените шуми во високо стеблени и реконструкција на деградираните шуми;
- Зголемување на отвореноста на шумите со изградба на патишта применувајќи еколошко - прифатливи методи;
- Спроведување мерки за заштита и конзервација на природниот шумски генофонд, преку:
    - Идентификација и евалуација на природната шумска разновидност;
    - Издвојување на семенски насади и „плус стебла” од стопански позначајните шумски видови дрвја.

- Преземање мерки за подобрување на „здравствената состојба“ на шумите преку отстранување или намалување на негативните фактори, со што ќе се обезбеди стабилен шумски екосистем:
    - Зајакнување на капацитетите на:
        - Државниот инспекторат за шумарство и ловство,
        - Шумската полиција при МЗШВ и
        - Центарот за известајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП);
    - Обнова и поддршка на мрежата за мониторинг и контрола на здравствената состојба на шумите;
    - Поддржување на истражувачките активности од областа на заштитата на шумите, особено оние со апликативна примена во шумарството;
    - Креирање и донесување упатства кои се однесуваат за оперативни, уредувачки, еколошки и сигурносни прашања;
    - Промовирање на употребата на дрво и дрвни производи од шуми управувани на одржлив начин, спроведување на Законот за шуми за да се заштитат шумите од нелегални активности, кои имаат негативно влијание врз шумските ресурси и економијата и
    - Зголемување на користењето на современи научни достигнувања и технологии во областа на шумарството.

**Стратегија за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави[3]**

Со најголем дел од шумите во државна сопственост во РМ управува ЈП Македонски шуми кое преку своите 30 подружници е распространето на целата територија на РМ и стопанисува со околу 90% од површините под шума. Стопанисувањето со шумите е дефинирано во Закон за шумите според кој стопанисувањето претставува одгледување, заштита и користење на шумите, преку обнова, нега, заштита, подигнување на нови шуми, користење на шуми и шумско земјиште, како и други активности за одржување и унапредување на функциите на шумите. Стопанисувањето со шумите ја опфаќа и заштитата на шумите и тоа со врвен приоритет. Заштита на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумата, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, бесправни сечи, пожари, растителни болести и штетници, напасување на добиток, желадење, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

Секој субјект што стопанисува со шумите вклучувајќи го и ЈП Македонски шуми мора да организира и заштита на истите согласно стратегијата. Заштитата на шумите и шумското земјиште опфаќа мерки и активности кои се спроведуваат со

[3] Стратегија број 11342/1 од 26.05.2017 година.

цел да се спроведе заштита од биотски, абиотски и други фактори кои можат да предизвикаат штетни последици во шумата. Корисниците и сопствениците на шумите се должни во соработка со МЗШВ да го следат влијанието на биотските и абиотските фактори по здравствената состојба на шумите и по нивно барање навремено да преземат мерки за заштита на шумите и шумското земјиште, а ЈП Македонски шуми, покрај другото, треба да организира и заштита на шумите од пожари.

**Закон за шумите**

Законот за шумите предвидува поделбата/разграничувањето на шумите по намена, производни и заштитни, да се утврдува врз основа на Општ план за стопанисување со шумите во РМ. Во општиот план, треба да се прикаже и анализира состојбата на шумскиот фонд (шумите), да се одредат функциите на шумите, намената на шумите, да се дефинира функционалната, просторната и еколошката целина, главните цели на развојот, целите и мерките за унапредување на шумите, одржување и унапредување на општокорисните функции на шумите и заштитата на шумите, одредување на методите/начините на стопанисување со шумите, како и одгледувачките и уредувачките мерки.

Со општиот план за стопанисување со шумите во РМ особено се утврдуваат: природните услови и можности за опстанок, обнова и развој на шумите, состојбите на шумите по вид, очуваност, дрвна маса, прираст, отвореност, загрозеност од негативни влијанија, општите насоки и цели на идното стопанисување и мерките за одгледување, заштита, развој, унапредување и проширување на шумскиот фонд во РМ.

За квалитетно планирање во шумарството треба да се спроведе национална инвентаризација на шумските ресурси со која ќе се собираат податоци за состојбата на шумите, за потребите на шумарската политика и шумарската оператива, екологијата, ловството, заштитата на околината, заштитата на природата, дрвопреработувачката индустрија, како и за потребите на државните и меѓународните организации.

Заради следење на одржливо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите и шумското земјиште, треба да се основа Национален совет за шумарство како советодавно тело на министерот кој раководи со МЗШВ, составен од претседател и десет члена кои ги именува министерот кој раководи со МЗШВ. Министерот кој раководи со МЗШВ по функција е претседател на Советот. Средствата за вршење на работите на Советот се обезбедуваат од Буџетот на РМ.

Планирањето на управувањето и стопанисувањето со шумите и шумското земјиште се остварува преку:

- посебни планови за стопанисување со шумите,
- програма за стопанисување со шумите и
- годишни планови за стопанисување со шумите.

Стопанисувањето со шумите во шумско стопанските единици се врши во согласност со посебни планови за стопанисување со шумите. Врз основа на општиот план за стопанисување со шумите корисникот донесува посебни планови за стопанисување со шумите за секоја шумско стопанска единица. Посебните планови се донесуваат за сите шуми освен за шумите во приватна сопственост чија површина е под 30 хектари.

Посебниот план ги разработува општите услови пропишани со општиот план, ги анализира спроведените мерки на стопанисување, ги утврдува плановите за стопанисување по вид и обем на работите, времето и начинот на спроведување и ги утврдува вредностите на шумите. Составен дел на планот е деталниот попис на шумите и шумското земјиште во состав на шумско стопанската единица усогласен со катастарската евиденција. Корисникот на државните шуми донесува посебен план со важност од десет години, по претходна добиена согласност од МЗШВ.

Годишниот план за стопанисување со шуми го донесува корисникот до 1 декември од тековната за наредната година. Годишниот план за стопанисување со шуми е во согласност со посебните планови за стопанисување со шумите. Годишниот план за стопанисување со шуми го одобрува МЗШВ. Годишниот план за стопанисување со шуми ги дефинира обемот и динамиката на работите на заштита, одгледување и користење на шумите и средствата за извршување на тие работи. Составен дел на годишниот план за стопанисување со шуми е изведбениот план.

Годишниот план за стопанисување со шуми содржи планови за заштита на шумите, одгледување, расадничко производство, користење на други шумски производи, користење на шумски отпад/отпад после сеча, користење и изградба на инфраструктурни објекти во функција на стопанисување со шумите, како и планиран обем на средства за извршување на овој план. Изведбениот план за стопанисување со шуми се изработува само за шуми за кои е донесен посебен план за стопанисување.

Изведбениот план за стопанисување со шумите детално ги разработува плановите за одгледување, заштита и користење на шумите, како и технолошката постапка, условите, начинот и рокот за извршување на овие работи. Изведбениот план за стопанисување со шумите се изработува на ниво на оддел утврден со посебниот план обележан на терен. Изведбениот план за стопанисување со шумите се донесува најдоцна до 31 октомври во тековната за наредната година.

Чувањето на шумите во државна и во приватна сопственост се врши двостепено и тоа:

- Реонско чување го врши шумочуварска служба во состав на ЈП Македонски шуми и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена;
- Контролно патролно чување го врши шумска полиција во состав на МЗШВ.

Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони се овластени да:

- го чуваат шумочуварскиот реон од бесправни сечи и шумски кражби;
- вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво, дрвни сортименти и други шумски производи во шумочуварскиот реон и на контролни рампи на шумските патишта во шумочуварскиот реон без оглед на сопственоста;
- ги легитимираат сите лица затечени во шума, а против лицата затечени во вршење на бесправни активности казниви по овој закон поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Барање за поведување на прекршочна постапка се поднесува исклучиво на познат сторител;
- ги обновува и чува граничните знаци од шумско стопанските единици, одделите и другите трајни белези во шумочуварскиот реон од уништување и бесправно користење, за што го известува правниот субјект кој стопанисува со шумите и шумското земјиште;
- известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници, како и други непогоди во шумочуварскиот реон, за што ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите и шумското земјиште;
- ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите за противправното присвојување на шуми и шумско земјиште во шумочуварскиот реон, а против прекршителите поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган;
- за кривични дела извршени на територијата на шумочуварскиот реон поднесува пријава до надлежен орган и
- вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело во шумочуварскиот реон.

Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон.

Припадниците на шумската полиција се овластени да:
- ја чуваат шумата;
- интервенираат;
- ги спречат и да ги легитимираат или да ги приведат лицата затечени во вршење на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела;
- вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво и други шумски производи, на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи;

- вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело и
- ја следат и известуваат за состојбата на шумите во врска со бесправните сечи и шумските кражби, шумските пожари, растителните болести, шумските штетници, како и други непогоди и да ги известуваат надлежните органи за противправното присвојување на шуми и шумско земјиште, а против прекршителите покренува постапка пред надлежен орган.

На контрола на шумската полиција подлежат сите субјекти што стопанисуваат со шумите, други правни лица и граѓаните кои се должни на припадниците на шумската полиција да им овозможат извршување на нивните овластувања.

Надзорот над спроведувањето на одредбите од Законот за шумите и на прописите донесени врз основа на него го врши Државниот инспекторат за шумарство и ловство. Работите на инспекцискиот надзор ги вршат државни инспектори за шумарство. Во вршењето на работите државниот инспектор за шумарство е овластен да:

- врши контрола на работите на одгледувањето, заштитата и користењето на шумите, објектите, уредите и направите, како и сите места каде што дрвото се сече, изнесува од шума, пренесува, превезува, сместува, преработува или се пушта во промет, како и средствата со кои дрвото се превезува или пренесува;
- врши контрола на спроведувањето на плановите за стопанисување со шумите, плановите за одгледување и заштита на шумите во заштитени подрачја програмите и критериумите, да ги прегледува деловните книги и други документи;
- врши увид во работењето и документацијата на правните лица кои имаат лиценца за извршување на шумско културни работи за активностите на сеча и дотур.
- запре привремено сеча на шума, копачење, напасување на добиток, како и други дејствија што не се во согласност со одредбите од Законот за шумите;
- бара податоци, информации и известувања за извршените работи на репродукција, користење, одгледување и заштита на шуми, како и други податоци за утврдување дали стопанисувањето со шумите се врши во согласност со Законот за шумите;
- ги известува надлежните органи, органите на управување на ЈП и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми со посебна намена за констатираните неправилности;
- нареди привремени мерки за спречување на штетата во итни случаи, во кои би настанала штета по јавниот интерес и др.

За мерките шумарскиот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди направената неправилност и за истата донесува решение за укажување за

отстранување на утврдената неправилност на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

## II.ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈА

### 1. Цели на ревизијата

1.1. Ревизијата на успешност е спроведена со цел да се даде оценка за ефикасноста на заштитата на шумите во РМ и да даде придонес за зголемување на ефикасноста со цел подобрување на процесот на заштита на шумите преку утврдување на одредени слабости/недоречености во законската, подзаконската регулатива, надлежноста, финансирањето, кадровската екипираност, комуникацијата и соработка на институциите надлежни за заштита на шумите во РМ, како и мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции за подобрување на ефикасноста на заштита на шумите во РМ.

1.2. Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година на тема: Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во РМ, со цел да дадеме одговор на прашањето „Дали надлежните институции преземаат мерки, активности и проекти за ефикасна заштита на шумите во РМ“.

1.3. Со Ревизијата на успешност опфатени се следните области:
- Стратешка и правна рамка за заштита на шумите во РМ;
- Финансирање на заштитата на шумите во РМ;
- Состојба, потенцијални загрозувачи на шумите во РМ;
- Мерки за ефикасна заштита на шумите во РМ.

### 2. Опфат на ревизија

2.1. Со ревизијата на успешност беа опфатени следните субјекти:
- Влада на РМ;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Шумска полиција;
- Државен инспекторат за шумарство и ловство;
- Јавно претпријатие Македонски шуми;
- Дирекција за заштита и спасување;
- Центар за управување со кризи;
- ЈУ Национален парк Маврово;
- ЈУ Национален парк Галичица и
- Шумарски факултет – Скопје.

2.2. Со ревизијата на успешност го опфативме период 2015 - 2017 година, а дадени се и состојби кои се случиле претходно и последователно.

## 3. Методологија

3.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во РМ при вршењето на државната ревизија.

3.2. Ревизијата на успешност е независно испитување на ефикасноста и ефективноста на владините активности, програми или организации, со оправдана почит кон економијата и целта која води кон подобрувања.

3.3. Ревизијата на успешност преставува објективна и систематска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка на „Ефикасноста на мерките, политиките и проектите за заштита на шумите во РМ“.

3.4. Заклучоците од оваа ревизија на успешност ќе придонесат за унапредување на ефикасноста на заштитата на шумите во РМ, зголемување на функцијата на надлежните институции во РМ кои во иднина треба да продолжат со мерките и активностите за подобрување на заштитата на шумите во РМ, што ќе придонесе за унапредување на целокупниот процес.

3.5. Кај оваа ревизија на успешност го следевме комбинираниот пристап и тоа: пристап насочен кон резултатите и проблемски ориентираниот пристап.
Со следењето на пристапот ориентиран кон резултатите бевме насочени да утврдиме дали со имплементација на законските и подзаконските акти, донесените национални стратегии, програми, финансиски извештаи, евиденции, постапки, процедури, мерки, политики и проекти се постигнати соодветни резултати за подобрување на ефикасноста во заштита на шумите во РМ.
Со следење на проблемски ориентиран пристап ги проверивме и анализиравме причините за одредени проблеми со кои се соочуваат надлежните институции во РМ во заштита на шумите.

3.6. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки ги користевме следните техники на ревизија на успешност: увид во поткрепувачката документација, интервјуа и разговори, подготвени прашалници од надлежните институции, анализи и пресметки, споредување на состојбите со поставените критериуми и други постапки кои имаат за цел да ги откријат причините за евентуалните разлики меѓу поставените критериуми и реалната состојба, како и да дадат објективен одговор на поставената ревизорска цел.

3.7. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 16.05.2016 до 18.12.2016 година од тим на Државниот завод за ревизија.

3.8. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок одржан на ден 24.01.2018 година.

Од страна на раководното лице на ДЗС добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел претставуваат известувања, односно став на ДЗС за констатираните состојби, а дел претставуваат забелешки кои не се прифатени од страна на овластениот државен ревизор.

Од страна на раководното лице на МЗШВ добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел претставуваат известувања, односно став на МЗШВ за констатираните состојби, а дел претставуваат забелешки од кои само една е прифатена, која претставува техничка грешка.

3.9. Прелиминарните истражувања беа насочени кон повеќе области заради стекнување на знаења за законската регулатива и стратешките документи кои се однесуваат за заштитата на шумите во РМ, надлежност, финансирање, мониторинг, надзор и контрола, потенцијални загрозувачи и уништувачи на шумите, комуникација и соработка на институциите надлежни за заштита на шумите во РМ, како и мерките, политиките и проектите кои ги преземаат надлежните институции за подобрување на заштитата на шумите во РМ.
Од прелиминарните истражувања произлегоа заклучоци по што ревизорскиот тим изработи Ревизорска програма која ги опфаќа утврдените ризици, прашања, критериуми за преземање на понатамошни активности со цел обезбедување на доволно релевантни докази.
Од заклучоците кои произлегоа од прелиминарните истражувања, оценивме дека со продолжување на ревизијата на успешност ќе се даде придонес за ефективно спроведување на мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции во насока на подобрување на ефикасноста во заштитата на шумите во РМ.

Препораките произлезени од оваа ревизија на успешност ќе имаат додадена вредност во насока на заштита на шумите во РМ и ќе бидат од општ интерес за граѓаните на РМ.

## III. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

### 1. Стратешка и правна рамка за заштита на шумите во Република Македонија

Во рамките на областа стратешка и правна рамка за заштита на шумите во РМ, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со стратешки документи, како и за усогласеноста и примената на законската и подзаконската регулатива која се однесува или е поврзана со заштитата на шумите во РМ, при што ги утврдивме следните состојби:

1.1. Во текот на 2006 година донесена е **Стратегија за одржлив развој на шумарството во РМ 2006 – 2026 година**, со која се обезбедува стратешка рамка за развојот на шумарскиот сектор. Таа ги претставува краткорочните, среднорочните и долгорочните задачи и стратегии за определени области и региони во кои треба да се разрешат клучните прашања преку идентификација на приоритетите.

Главна цел на Стратегијата е да се зголеми придонесот на шумарскиот сектор, преку одржливо стопанисување со шумите, во националната економија и во руралниот развој, обезбедувајќи обновливи ресурси и заштита на локалната и глобалната животна средина, со што ќе се обезбеди подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани. За да ја одржи и унапреди економската ефикасност на шумарството за потребите на севкупниот национален развој, Владата на РМ треба да обезбеди:

- законска, институционална и економска рамка за имплементација на одржливо стопанисување со шумите;
- постојан финансиски механизам кој ќе ја подобри состојбата со шумите и развојот на шумарството.

Имплементацијата на стратегијата ќе биде постојано набљудувана и оценувана од одговорните фактори во шумарството, а ефектите од имплементацијата ќе бидат следени и споредувани.
Сите стратегии за инвестициите во шумарскиот сектор ќе ги вклучат плановите за мониторинг и оцена на успехот и категориите кои укажуваат на ефектите и напредокот, а резултатите од секторното набљудување и оцена за успехот ќе бидат редовно публикувани во форма на извештај за шумарскиот сектор.

Некои од главните закани и проблеми за стопанисувањето со шумите наведени во стратегијата се:

- бесправната сеча која зафаќа големи размери;
- шумските пожари кои во последните 10 години приближно опожариле 100.000 хектари;
- климатските промени преку процесот на сушење на шумите, пренамноженоста на штетни инсекти и појава на болести.

Општа цел е зголемување на површината под шума и подобрување на составот и квалитетот на шумите врз основа на стопанисување според принципите за одржливост.
Сите заинтересирани страни, а не само Владата на РМ и МЗШВ, имаат улога во имплементацијата на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ и одговорност да се придонесе во успехот, преку активно учество и соработка.

Со извршената ревизија утврдивме дека не е:

- обезбеден постојан финансиски механизам кој ќе ја подобри состојбата со шумите и развојот на шумарството;

- извршено набљудување и оценување на стратегијата од страна на одговорните фактори во шумарството:
- ажурирана Стратегијата согласно со промените, имајќи во предвид дека се поминати повеќе од 11 години од нејзиното донесување;
- извршено следење на ефектите од имплементацијата на стратегијата согласно утврдените категории;
- воспоставен информатички систем за прибирање и анализа на податоците по утврдените категории согласно Стратегијата;
- изработен извештај од резултатите од секторното набљудување и оцена за успехот за шумарскиот сектор;
- воспоставен оперативен управен механизам за имплементација, мониторинг, контрола и известување за стратегијата од страна на МЗШВ;
- формиран Совет за секторско планирање и координација, во кој треба да бидат вклучени претставници на Владата, МЗШВ, други значајни министерства, претставници на локалните власти, на приватниот сектор и на другите главни заинтересирани страни и
- извршено идентификување на активностите кои треба да се преземат за да се достигнат целите согласно Стратегијата, одговорните институции за имплементација и поддршка, финансиските ресурси кои треба да се изнајдат и временскиот период на активноста преку соодветен план, елабориран респектирајќи ги принципите на транспарентност и партиципативност.

За реализација на предвидените активности согласно Стратегијата МЗШВ изработило Акционен план само за периодот 2007 – 2009 година во кој беа предвидени активности кои треба да се спроведат и истите во најголем дел не се спроведени поради недостиг на финансиски средства за нивна реализација.

Со ревизијата констатиравме дека и покрај фактот што главната одговорност за спроведување на оваа стратегија ја има Владата на РМ и МЗШВ, потребно е и останатите субјекти кои имаат влијание на активностите во шумарството, да се вклучат во реализацијата на стратегијата за одржлив развој на шумарството во нивните процеси со цел нејзина успешна реализација.
Неспроведувањето на активностите предвидени во Стратегијата за одржлив развој на шумарството влијаат врз донесувањето и преземањето на конкретни активности и мерки кои ќе придонесат за ефикасна заштитата на шумите во РМ.

1.2. Заштитата на шумите и шумското земјиште опфаќа мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се спроведе заштита од биотски, абиотски и други фактори кои можат да предизвикаат штетни последици во шумата. Корисниците и сопствениците на шумите се должни во соработка со МЗШВ да го следат влијанието на биотските и абиотските фактори по здравствената состојба на шумите и по нивно барање навремено да преземат мерки за заштита на шумите и шумското земјиште. ЈП Македонски шуми, покрај другото, треба да организира и заштита на шумите од пожари.

Во 2017 година донесена е **Стратегија за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопаталошки и ентомолошки појави,** со Акционен план за реализација на проекти и набавки за потребите на ЈП Македонски шуми. Со Стратегијата утврдени се 20 проекти со детален опис на секој проект, услови кои треба да се исполнат, очекувани резултати, финансиски средства и периодот за нивна реализација.

Вкупните средства за реализација на предвидените проекти се утврдени на 487.769 илјади денари и тоа за следните проекти:

- формирање на тренинг центар за заштита на шумите од пожари и специјализирани противпожарни едници за гасење на шумски пожари;
- набавка на прирачна опрема, лична заштитна опрема и алат за локализирање и гасење на шумски пожари;
- набавка на специјални возила за прва интервенција;
- изработка на оперативни прирачници за заштита на шумите од пожари;
- воспоставување на центар за следење и управување при локализирање и гасење на шумските пожари;
- спроведување на јавна кампања за информирање на граѓаните за опасноста од шумските пожари;
- воспоставување на систем за рана детекција на шумски пожари и детекција на други бесправни дејствија;
- поставување на опрема за видео надзор;
- одредување на рути и контрола на шумочуварска служба, мониторинг на здравствената состојба на шумските култури во РМ;
- идентификациони техники за рано откривање на присуството на штетници во шумите во РМ и
- развој на техники за биолошко регулирање од штетни видови растителни болести и штетници.

Во наредниот период потребно е да се обезбедат финансиски средства за реализација на предвидените проекти, кои според одговорните лица во ЈП Македонски шуми истите треба да се обезбедат од ЈП Македонски шуми и од меѓународни организации. Започнати се активности за обезбедување на финансиски средства, со доставени барања до меѓународни организации од страна на ЈП Македонски шуми.

Реализацијата на овие проекти во наредниот период треба да придонесе за поголема ефикасност во заштитата на шумите во РМ.

1.3. Иако е изминат период од осум години од воведување на обврската за донесување на **Општ план за стопанисување со шумите во РМ**, како еден од основните плански документи согласно Законот за шумите, истиот сеуште не е донесен.

Планот треба да е со важност од 20 години и треба да го донесе Собранието на РМ. Со него треба да се добие целосна слика за состојбата на шумскиот фонд (шумите), нивните функции и намена, како и дефинирање на просторната и еколошката целина на шумите.

Недонесувањето на општиот план оневозможува да се утврди фактичката состојба на целокупниот шумски фонд во РМ, како и да се утврдат целите кои треба да се постигнат, мерките за унапредување на состојбата на шумите, општокорисните функции на шумите, нивната заштита, како и утврдување на методите и начините за стопанисување со шумите, со што ќе се придонесе за поголема ефикасност при одгледувањето, проширувањето, користењето и заштита на шумите во РМ.

Планирањето на управувањето и стопанисувањето со шумите и шумското земјиште се остварува преку: **посебни планови за стопанисување со шумите, програма за стопанисување со шумите и годишни планови за стопанисување со шумите.**

И покрај тоа што не е донесен општиот план за стопанисување со шумите врз основа на кој треба да се да се изготвуваат посебните планови за стопанисување со шумите, шумско стопанските единици на ЈП Македонски шуми, сопственици на приватни шуми и националните паркови имаат донесено околу 214 посебни планови и програми за стопанисување со шумите, со важност од десет години.

1.4. Во однос на барањата од законската и подзаконската регулатива која се однесува на заштита на шумите, во делот на инвентаризација, попис, катастар на шумите и воспоставување на информативен систем во шумарството, ревизијата ја утврди следната состојба:

- од страна на МЗШВ **не е спроведена национална инвентаризација на шумските ресурси,** постапка преку која ќе се обезбедат податоци за состојбата на шумите. Податоците од спроведената национална инвентаризација МЗШВ треба да **ги собира, евидентира и води во единствена база на податоци.**

  За спроведување на национална инвентаризација на шумските ресурси изработени се: дизајн и имплементација на националната проценка на шумските ресурси за Македонија, преку „Проект за поддршка и формулација на националната политика за земјоделство“ и правилник за содржината и начинот на спроведување на национална инвентаризација на шумските ресурси, кој што не е донесен од страна на министерот кој раководи со МЗШВ.

  Спроведувањето на националната инвентаризација на шумските ресурси е потребна заради планирање на шумарската политика и шумарската оператива, екологијата, ловството, заштитата на околината, заштитата на природата, дрвопреработувачката индустрија, како и за потребите на државните и меѓународните организации, како и поголема ефикасност во заштитата на шумите во РМ;

- од страна на МЗШВ **не е воспоставен и не се води Катастар на шуми и шумско земјиште, со цел** евиденција на шумите и шумското земјиште.
  Корисниците и сопствениците на шуми кои имаат обврска да носат посебни планови и програми немаат извршено **попис на шумите и шумското земјиште,** како основа за воспоставување и водење на Катастарот на шуми и шумско земјиште.
  Последниот попис на шумскиот фонд во РМ е извршен во периодот од 1978 до 1982 година.
  Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Катастарот на шуми и шумско земјиште е донесен во 2010 година од страна на министерот кој раководи со МЗШВ.
  Со воспоставување на катастарот на шуми и шумско земјиште ќе се обезбедат: катастарски податоци за шуми и шумско земјиште, детални карти за опис на површините под шуми и идентификациски и регистарски броеви на сопствениците и субјектите кои стопанисуваат со шумите, односно целосна евиденција на шумите и шумското земјиште во РМ, како и ќе се обезбеди поголема ефикасност во заштита на шумите во РМ.

Неизвршената националната инвентаризација, неизвршениот попис и невоспоставениот катастар на шуми и шумско земјиште, влијае на несоодветно планирањето и спроведување на шумската политика, како и неможност за обезбедување на точни и релевантни податоци за шумите и шумското земјиште. Овие активности се непосредно поврзани еден со друг и за истите се потребни поголеми финансиски средства како и подолг период за нивно спроведување.

1.5. Согласно Законот за шумите предвидено е од страна на МЗШВ, да се воспостави и води **Единствен информативен систем и регистар за шумските пожари,** со цел подобрување на мониторингот над шумските пожари, превентива, фактори и причинители, вид и големина на пожарот, учесници во гаснењето, трошоци за гаснење и предизвиканите штети

Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат МЗШВ.

МЗШВ има донесено Правилник за начинот на собирање на податоците, водењето на регистарот на шумските пожари и условите за користење на податоците[4].

И покрај тоа што е изминат период од 8 години од воведување на обврската за воспоставување на Единствениот информативен систем и регистар за шумските пожари, согласно Законот за шумите, истиот не е воспоставен, поради што МЗШВ не располага со податоци за вид и големина на пожар, учесници во гаснењето, трошоци за гаснење и предизвикани штети.

[4]„Сл. Весник на РМ "бр.82 од 19.05.2015 година.

Невоспоставениот единствени информативен систем и регистар за шумските пожари, го отежнува спроведувањето на мониторингот над шумските пожари, влијае врз преземањето на превентивни мерки, утврдувањето на фактори, причинители, вид и големина на пожарот, учесници во гаснењето, трошоци за гаснење и предизвикани штети, како и врз заштитата на шумите од шумски пожари.

1.6. Согласно Законот за шумите МЗШВ има обврска да води евиденција, востановува и одржува постојана база на податоци за движењето на растителните болести и штетници, усогласена и поврзана во единствен информационен систем.
Заради евиденција на шумите и шумското земјиште МЗШВ има обврска да востанови и води Катастар на шуми и шумско земјиште. МЗШВ е одговорно за воспоставување и управување со информативниот систем во шумарството.

МЗШВ нема **воспоставено информативниот систем во шумарството**, со кој треба да се обезбедуваат сите неопходни информации за состојбите и промените на шумскиот фонд за потребите за планирање, следење на состојбите и известување.
Правилникот за содржината, начинот на управување и користење на информативниот систем, пописот на шумите и шумското земјиште, начинот на водење на евиденција на извршените работи и известувањето за состојбите со шумите не е донесен од страна на министерот кој раководи со МЗШВ.

За воспоставување **на** информативниот систем во шумарството од страна на МЗШВ започнат е проект, кој требало да се реализира во две фази.
Првата фаза започнала во ноември 2015 година, во која проектот се фокусирал на обезбедување на проектната документација за воведување на ШИС, односно разработување на потребните документи од законски аспект. Како резултат од спроведените активности во оваа фаза, од страна на стручен тим од Шумарскиот факултет, во 2016 година изготвени се:

- Проектна документација за воспоставување на ШИС и
- Модул за аналитика и бизнис интелегенција и извештаи.

Во втората фаза било предвидено да се изработи софтвер, да се набави хардвер и да се извршат обуки за практична работа со системот, но истата не е реализирана.

Невоспоставениот информативниот систем во шумарството, влијае на навремено и целосно обезбедување на сите неопходни информации за состојбите и промените на шумскиот фонд за потребите за планирањето, следењето на состојбите и известувањето.

1.7. Со цел да се постигне безбедно, ефективно и координирано управување со пожарите на отворен простор, како и спроведување на заеднички стандарди и оперативни постапки на сите учесници во постапката за управување со заштитата од пожари, Владата на РМ на предлог на министерот кој раководи со МЗШВ

донесува **Национален план за управување со пожарите на отворен простор** за период од десет години. И покрај тоа што е изминат период од 4 години од измените и дополнувањата на Законот за шумите, Националниот план за управување со пожарите на отворен простор не е донесен.

Со донесувањето и реализација на Националниот план за управување со пожарите на отворен простор, треба да се придонесе за утврдување на:

- историјатот и состојбата со пожарите на отворен простор;
- мерките за управувањето со пожари и ресурсите;
- мерките за едукација и подигнување на јавната свест за заштита од пожари;
- превенција на пожари;
- степен на опасност од пожари и систем за рано предупредување;
- подготвителни мерки за заштита од пожари,
- активности пред сезоната на пожари,
- мерките за откривање, дојава и првичен одговор;
- мерките за почетен напад, локализирање и гаснење на пожарот;
- горливиот материјал, опожарена површина и субјекти вклучени во реализација на националниот план и
- активностите кои треба да се преземаат.

Недонесувањето на националниот план за управување со пожарите на отворен простор влијае врз безбедно, ефективно и координирано управување со пожарите на отворен простор, како и спроведување на заеднички стандарди и оперативни постапки на сите учесници во постапката за управување со заштитата од пожари.

1.8. Заради спроведувањето на националниот план, Владата на РМ треба да формира **Национален комитет,** кој треба да го сочинуваат претседател, заменик претседател и 17 члена, кои се номинираат за временски период од четири години. И покрај тоа што е изминат период од 4 години од измените и дополнувањата на Законот за шумите Националниот комитет не е формиран.

Со формирањето и работата на Националниот комитет ќе се придонесе за:

- изготвување на предлози и мислења за поефективна координација на субјектите кои учествуваат во управувањето со пожарите на отворен простор;
- предлагање на насоки за стандардизиран пристап при изготвување и спроведување на тренинг програми, квалификации, други оперативни функции и примена на стандардизирана опрема за пожари;
- предлагање на ставови и мислења по однос на економичноста, ефикасноста и квалитетот во сите активности од областа на управувањето со пожари;
- предлагање на насоки за спроведување на активности за подигање на јавната свест за заштита од пожари и
- предлагање на мерки за унапредување на системот за утврдување на степен на опасности од пожар и рано предупредување.

Имајќи во предвид дека согласно Законот за шумите средствата за вршење на работите на Комитетот се обезбедуваат во рамките на Програмата за проширена репродукција на шумите, ревизијата изврши увид во програмите за проширена репродукција за периодот 2006 – 2017 година и утврди дека освен со програмата за проширена репродукција на шумите за 2016 година во останатите програми не се предвидени средства за оваа намена.

Наведената состојба укажува дека без реализација на активностите кои се во надлежност на Националниот комитет, не се обезбедува координација помеѓу надлежните институции, постои отсуство на стандардизиран пристап при постапувањето што влијае врз ефикасноста при справувањето со пожарите на отворен простор.

1.9. Заради следење на одржливо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите и шумското земјиште на начин и во обем со кои трајно се одржува и унапредува нивната производна способност, биолошка разновидност, способност за обнова и виталност во интерес на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, со Законот за шумите предвидено е да се основа **Национален совет за шумарство** како советодавно тело на министерот кој раководи со МЗШВ.

Предвидено е советот да биде составен од претседател и десет члена кои ги именува министерот. Мандатот на членовите на советот изнесува 4 години, со право на повторен избор. Средствата за вршење на работите на Советот се обезбедуваат од Буџетот на РМ.
И покрај тоа што е изминат период од 8 години од донесување на Законот за шумите, националниот совет за шумарство не е формиран.

Формирањето и функционирањето на советот, како советодавно тело на министерот ќе придонесе за подобрување и унапредување во процесот на управувањето, планирањето и стопанисувањето на шумите, како и зачувувањето на истите.

## 2. Финансирање на заштитата на шумите во Република Македонија

Во рамките на оваа област ревизијата имаше за цел да даде одговор на ревизорските прашања поврзани со надлежноста, организацијата, кадровската екипираност и финансирањето на заштита на шумите во РМ, со цел да се утврдат проблемите со кој се соочуваат надлежните институции во РМ во заштитата на шумите, при што ги утврдивме следните состојби:

2.1. Согласно Законот за шумите **Проширена репродукција** на шуми опфаќа: подигнување на нови шуми со пошумување на голини и ерозивни земјишта, мелиорација на деградирани шуми и шикари, нега на шумски култури, превентивна заштита на шумите и шумските култури, сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури подигнати на голини, површини во кои е

извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари, обезбедување на семе и на шумски саден материјал, изградба на инфраструктурни објекти во шума и техничко опремување за спроведување на проширената репродукција на шумите.
Средствата за овие намени треба да се обезбедат од:

- субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, сопствениците на шуми во приватна сопственост од 3% од вредноста на исечено дрво, франко камионски пат, правните субјекти што вршат промет на дрво од 3% од вредноста на продаденото дрво и
- од Буџетот на РМ.

Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според Годишна програма што ја донесува Владата на РМ. Со увид во документацијата која се однесува за проширена репродукција на шумите од 2005 до 2017 година ревизијата го утврди следното:

- со Законот за шумите од 1997 година ЈП Македонски шуми и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми за посебна намена во висина од 3%, како и правните субјекти кои вршат промет на дрво во висина од 2% од вредноста на продаденото дрво, имале обврска средства да ги уплаќаат на сметката на МЗШВ и истите да ги користат според Годишна програма што ја донесува Владата на РМ;
- иако со донесување на Законот за шумите во 2009 година е пропишано овие средства да се уплаќаат во Буџетот на РМ, истите до 2012 година се уплаќани на сметката на МЗШВ;
- прибирањето на овие средства во периодот од 2006 – 2017 година бележи тренд на намалување, поради намалените уплати или воопшто неуплатени средства од страна на ЈП Македонски шуми (последните уплатени средства се во 2008 година);
- според добиените податоци од Државниот инспекторат за шумарство и ловство, заклучно со 31.12.2016 година вкупниот износ на неуплатени средства од страна на ЈП Македонски шуми на сметката на МЗШВ/Буџетот на РМ по основ на проширена репродукција изнесува 290.798 илјади денари, додека според податоците на ЈП Македонски шуми изнесува 238.998 илјади денари;
- за висината на извршените уплати од субјектите кои стопанисуваат со шумите во Буџетот на РМ, МЗШВ не располага со податоци со цел воспоставување на евиденција која би послужила како основ за планирање и изработка на Програмата за проширена репродукција;
- ЈУ Национален парк Галичица не уплаќа средства во Буџетот на РМ во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво како обврска предвидено **со** Законот за шумите, додека ЈУ Национален парк Маврово ги уплаќа средствата по овој основ во Буџетот на РМ. Остварените приходи од продажба на дрвна маса се главен извор на финансирање на работењето на националните паркови во РМ;

Прегледот на планираните средства за проширена репродукција во периодот 2005 – 2017 година според извори на средствата е прикажан на следниот графикон.




Од извршениот увид во средствата предвидени со програмите за проширена репродукција во периодот 2005 – 2017 година, ревизијата ја утврди следната состојба:

- во 2008 и 2009 година исплатени се повеќе средства бидејќи со програмите за овие години се предвидени и средствата за организирање на акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина" кои опфаќаат 65%, односно 56% од вкупно предвидените средства во програмата за проширена репродукција на шумите за 2008 и 2009 година;
- за 2010 година исплатени се средства за подмирување на неизмирени обврски од 2009 година по основ на спроведената акција „Ден на дрвото" Засади ја својата иднина (45.000 илјади денари), како и за извршеното прскање на шумите против боровиот четник (10.186 илјади денари).

  Исто така за реализирани активности на МЗШВ по програма од 2010 година останале неизмирени обврски во износ од 30.280 илјади денари по основ на мерката - пошумување на голини и нега на шуми со прореди.

  Според податоците од извештајот за реализација на програмата за 2010 година, обврските би се подмириле доколку ЈП Македонски шуми ја извршило законската обврска за уплата на 3% од вредноста на исечено дрво, на сметката на МЗШВ согласно Законот за шумите;
- за 2011 година со програмата утврдени се средства за повеќе активности од областа на шумарството од кои најголем износ се исплатени за пошумување на голини (19.200 илјади денари), нега на шумите (6.860 илјади денари), но не се реализирани предвидените активностите за сузбивање на боров четник за што со програмата е утврдена вредност од 5.000 илјади денари;
- во периодот од 2012 – 2017 година значително се намалуваат средствата за спроведување на активности од програмите за проширена репродукција на

шумите. При изготвување на предлог буџетот на МЗШВ со доставените барањата до МФ од страна на Секторот за шумарство и ловство во основа се бараат повеќе средства за спроведување на активностите со шумите, но со донесените буџети за МЗШВ за програмата 20 – Шумарство, се одобруваат се помалку средства од година во година.

Поради ненавремено спроведување на активностите од тековната програма, а со тоа и не искористување на средствата од МЗШВ, со изгласувањето на ребалансот на Буџетот на РМ во повеќе години наназад, се намалуваат средствата по програма 20 – Шумарство, по што следи измена на програмата за соодветната година, односно промена на мерките и активностите.

Со првично донесените програми за 2015 и 2016 година била предвидена мерка за авио третирање и сузбивање на штетникот боров четник, но со измена на програмата за 2016 година средствата се пренаменети за пошумување, додека за 2015 година средствата воопшто не се искористени;

- во најголем дел од годишните програми за проширена репродукција (2010, 2011 и 2016 година) на шумите донесени од Владата на РМ, како редовна и законска обврска на МЗШВ предвидена е мерката подигнување на нови шуми со пошумување на голини и ерозивни земјишта, а во исто време за пошумување на останато земјиште од 2008 година наваму, секоја година ЈП Македонски шуми ја спроведува акцијата „Ден на дрвото“ Засадија својата иднина, со сопствени средства;
- со Законот за шумите, како корисници на средствата од проширена репродукција на шумите не се предвидени субјектите кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена, и покрај фактот што истите имаат обврска да уплаќаат средства во Буџетот на РМ.

Прегледот на одобрени и реализирани средства по програми за проширена репродукција на шумите во периодот 2005 – 2017 година е прикажан на следниот графикон.




Намалувањето на средствата по програмите за проширена репродукција од година во година, нивното ненавремено користење, оневозможува преземање на доволно

мерки за соодветна и ефикасна заштита на шумите, односно со неуплаќање на средствата од страна на ЈП Македонски шуми и ЈУ Национален парк Галичица се оневозможува преземање на активности по мерките предвидени со Законот за шумите, кои треба да се реализираат преку Програмата за проширена репродукција на шумите.

Ваквата состојба влијае врз ефикасноста на заштитата на шумите во РМ, имајќи во предвид дека Програмата за проширена репродукација претставува еден од главните извори на финансирањето на заштита на шумите во РМ.

2.2.Под **проста репродукција на шумите** се подразбира одгледување, заштита на постојните шуми, изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи на заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите.

Средства за проста репродукција на шуми треба да издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Средствата што ги издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, треба да се водат на посебна сметка во субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

Ревизијата изврши увид во документацијата на ЈП Македонски шуми, ЈУ Националните паркови Галичица и Маврово и ја утврди следната состојба:

- **ЈП Македонски шуми** средствата за проста репродукција ги евидентира на посебно конто како резервирања за трошоци за обновување на природните богатства на редовната сметка, односно истите не се издвојуваат на посебна сметка. Според сметководствената евиденција, салдото за направените резервирања за проста репродукција, заклучно со септември 2017 година изнесува 341.939 илјади денари, кое произлегува од акумулирани средства од претходни години, а за наведениот износ не се преземени мерки и активности за целосна реализација на средствата за проста репродукција;

  Од извршената анализа за потрошените средства по видови мерки за проста репродукција ревизијата утврди дека за периодот 2010 – 2017 година потрошени се средства во вкупен износ од 795.725 илјади денари, а се однесуваат за трошоци за пошумување, потсејување, санитарна сеча, заштита од пожари и болести, техничко опремување, изградба и реконструкција на патишта и изработка на посебните планови за стопанисување со шумите. Подетално состојбата со потрошените средства по видови мерки, од проста репродукција е прикажана во Прилог 1 од овој извештај;
- **ЈУ Национален парк Маврово** средствата за проста репродукција ги евидентира на посебно конто како резервирања за обновување на природните богатства на редовната сметка, односно истите не се издвојуваат

на посебна сметка. Од извршената анализа за потрошените средства по видови мерки за проста репродукција ревизијата утврди дека за периодот 2014 – 2016 година потрошени се средства во вкупен износ од 13.784 илјади денари, а се однесуваат за трошоци за пошумување, потсејување, заштита од пожари, изградба и реконструкција на патишта итн;

– **ЈУ Национален парк Галичица** не издвојува средства за проста репродукција.

Не издвојувањето на средствата за проста репродукција на посебна сметка, нивно не целосно искористување согласно Законот за шумите за одгледување, заштита на постојните шуми, изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи на заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите, остава можност средствата да се користат и за други намени односно влијае врз ефикасноста на заштитата на шумите во РМ.

Само со издвојувањето на средствата на посебна сметка ќе се обезбеди целосно искористување за намената за која се предвидени согласно Законот за шумите.

2.3.**Одземената дрвна маса од бесправна сеча** ЈП Македонски шуми ја продава согласно со ценовникот на главни производи, а најмалку 30% од одземеното дрво и дрвни сортименти ги преотстапува на државни органи, дирекции, јавни установи и други институции основани од државата, како и единици на локалната самоуправа, по претходно донесена одлука на Владата на РМ. ЈП Македонски шуми од останатите 70% од вредноста на продадената дрвна маса, има обврска 20% да уплати во Буџетот на РМ додека 80% ќе ги користи за сопствени потреби, согласно измената на Законот за шумите од 2014 година.

Од извршениот увид во документацијата на ЈП Македонски шуми ревизијата утврди дека ЈП Македонски шуми не извршила уплата во Буџетот на РМ, односно по овој основ за период од 2014 година до октомври 2017 година не се уплатени средства во Буџетот на РМ во вкупен износ од 2.801 илјада денари.

2.4. **Надлежна институција за заштита на шумите е** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, и тоа преку организационите единици во негов состав:

**Сектор за шумарство и ловство надлежен да:**

– креира политика во шумарство;
– остварува меѓународна соработка од областа на шумарството;
– ги пропишува законските и подзаконските акти;
– решава управни работи од областа на шумарството и ловот;
– поттикнува и подржува проекти од невладин сектор во интерес на развој на шумарството како и овозможување пристап на јавноста до информации од областа шумарство.

Во секторот согласно правилникот за систематизација и организација предвидени се 26 работни места а пополнети се 17 или 65%.

**Секторот за шумска полиција е надлежен за** чување на шумите во државна и во приватна сопственост од против правни дејствија. Согласно правилникот за внатрешна организација и систематизација на МЗШВ, Секторот за шумска полиција функционира со:

- 30 шумско полициски станици во кои се предвидени 439 работни места а пополнети се 375 или 82%. Ревизијата утврди дека во 21 ШПС не се пополнети работните места командир а во 8 ШПС не се пополнети ниту работните места командир ниту заменик командир;
- во одделение за стручно административни работи, систематизирани се 10 работни места од кои пополнети се 5, а работното место раководител на одделение не е пополнето;
- во одделение за внатрешна контрола предвидени се 8 работни места, но не е пополнето ниту едно. Од страна на министерот на МЗШВ во текот на 2013 година дадено е овластување на заменик командир од една ШПС да врши работи и задачи на работно место раководител на ова одделение кое е формирано како независна единица во секторот за шумска полиција.

  Во 2014 година дадени се овластувања на пет вработени од ШПС да ги извршуваат работите кои произлегуваат од одделението за внатрешна контрола.

  Имајќи во предвид дека согласно актот за организација и работа на МЗШВ ова одделение е формирано да врши надзор над извршувањето на работите во ШПС, а лицата кои се овластени да ги извршуваат работите во ова одделение се вработени со решение на други работни места во ШПС, доаѓа до преклопување на нивните надлежности, односно едно исто лице ја извршува и контролира работата.

Од извршениот увид на начинот на функционирање на **Сектор за шумска полиција** ревизијата ја утврди следната состојба:

- во текот на 2014 година со донација и проект на ОБСЕ обезбедени се 5 регионални обучувачки центри, со комплетна опрема дадени на располагање на секторот за шумска полиција, а 20 вработени во секторот имаат лиценца за обучувачи;
- МЗШВ нема донесено план за обуки на секторот за шумска полиција, иако со изменувањата и дополнувањата на Законот за шумите од 2014 година предвидено е вработените во шумската полиција во текот на годината да се обучуваат во согласност со потребите и планот за обука. Од 2000 година наваму, кога се обучени само мал дел од вработените, не е одржана ниту една обука, иако специфичноста на работното место шумски полицаец бара редовна обука, како и обука за управување со огнено оружје;
- не е предвидена законска обврска за донесување на Правилник за работата на одделението за внатрешна контрола со кој ќе се уреди начинот на

постапување на одделението при утврдување на незаконско постапување на вработените во секторот за шумска полиција при вршењето на посебните работи, должности и овластувања согласно Законот и подзаконските акти. Укажуваме дека секторот за шумска полиција има изработено правилник, но не постои законска можност за негово донесување;

- во текот на 2016 година набавени се 30 теренски возила за потребите на шумската полиција во вкупен износ од 31.000 иљада денари, со цел подобрување на состојбата со возилата кои се основа за извршување на работните обврски на шумската полиција;
- имајќи ја во предвид функцијата на шумската полиција, а со цел поефикасно извршување на законските обврски за чување на шумите во РМ започнати се активности за промена на организационата поставеност на секторот за шумска полиција како посебен субјект или во рамките на МВР. Исто така и во Програмата за работа на Владата на РМ за периодот 2017 – 2020 година предвидено е дека нелегалната сеча на шумите ќе се сузбива со преминување на секторот за шумска полиција од МЗШВ во МВР.

Со кадровско екипирање на одделението за внатрешна контрола, пополнување на раководните работните места (командир, заменик командир итн), кадровско екипирање на шумско полициските станици, спроведување на редовни обуки, како и промена на организационата поставеност на секторот за шумска полиција ќе се придонесе за негово подобро функционирање, како и за поефикасна заштита на шумите во РМ.

2.5.Од добиените податоци од ЈП Македонски шуми, кои се однесуваат за остварените деловни резултатите во периодот од 2006 до 2016 година ревизијата утврди во 3 години искажана е загуба во вкупен износ од 355.476 иљади денари (за 2007, 2013 и 2014 година), а за 7 години остварена е добивка во вкупен износ од 212.595 иљади денари, додека бројот на вработените во текот на овој 10 годишен период останува непроменет. Подетално прегледот за остварени деловни резултати и движењето на бројот на вработени во периодот од 2006 до 2016 година на ЈП Македонски шуми е прикажана во Прилог 2 од овој извештај.

Констатиравме дека сеуште не се започнати активности за **трансформација на ЈП Македонски шуми,** што не е во согласност со Законот за шумите, во кој е предвидено дека трансформацијата ќе се изврши со посебен закон, и покрај тоа што е изминат периодот од 8 години од донесување на Законот за шумите.

Во Програмата за работа на Владата на РМ за периодот 2017 – 2020 година во делот на заштита на шумите предвидено е трансформирање на ЈП Македонски шуми во насока на одговорно раководење, зголемувањето на продуктивноста и задоволителни финансиските резултати.

Имајќи во предвид дека со 90% од шумите во РМ стопанисува ЈП Македонски шуми, исклучително е важно да се изврши анализа за начинот и постапката на трансформацијата на ЈП Македонски шуми со цел да се направи избор на најдобрата пракса за ефикасно функционирање на истото, со што ќе се придонесе за ефикасна заштита на шумите во РМ.

## 3. Состојба, потенцијални загрозувачи на шумите во Република Македонија.

Во рамките на оваа областа ревизијата имаше за цел да даде одговор на ревизорските прашања поврзани со бесправната сеча на шумите, шумските пожари, како и здравствената состојба на шумите и шумските култури кои ги уништуваат шумите во РМ, како и да добие информации за состојбата со шумите во РМ, при што ги утврдивме следните состојби:

### 3.1. Бесправна сеча на шумите

3.1.1. Од извршената анализа за **состојбата со шумите во РМ,** ревизијата утврди дека согласно Посебните планови за стопанисување со шумите во 30 подружници состојбата е следна:

- површината во шумско стопанските единици изнесува 1.092.893 хектари;
- дрвната маса изнесува 80.494.906 м$^3$;
- годишниот прираст изнесува 1.608.387 м$^3$;
- планирано количество дрвна маса за користење (етат) изнесува 9.862.594 м$^3$;
- вредноста на шумата со патишта изнесува 97.660.021 илјада денари.

Подетално прегледот за површина, дрвна маса, годишен прираст и етат по подружници на ЈП Македонски шуми е прикажана во Прилог 3 од овој извештај.

ЈП Македонски шуми секоја година го определува можниот годишен етат, и планира колку ќе се врши сеча во годината. Од извршениот увид на сечив етат, планираната и посечена дрвна маса во периодот од 2007 до 2016 година ревизијата ја утврди следната состојба:

- можен годишен етат во просек секоја година изнесува околу 1.000.000 м$^3$;
- ЈП Македонски шуми секоја година планира да исече дрвна маса во интервал од 65% до 77% од можниот годишен етат;
- посечената дрвна маса во однос на можниот годишен етат се движи во интервал од 49% до 59%;
- додека посечената дрвна маса во однос на планираната сеча се движи во интервал од 64% до 82%.

Сечив етат и посечена дрвна маса во периодот 2007 – 2016 година е прикажан на следниот графикон.




Подетално прегледот на сечив етат и посечена дрвна маса во периодот 2007 – 2016 година е прикажан во Прилог 4 од овој извештај

Согласно податоците на **Државниот завод за статистика** за вкупно исечената дрвна маса за 2014 година (државни и приватни шуми) во РМ, како и податоците за вкупно потрошеното огревно дрво во домаќинствата во РМ ревизијата ја утврди следната состојба:

- во РМ потрошеното огревно дрво на домаќинствата изнесува 1.302.041 $м^3$;
- вкупно исечената дрвна маса во државните и приватните шуми во РМ изнесува 655.000 $м^3$;
- вкупно евидентирана бесправна сеча во РМ изнесува 25.230 $м^3$
- останува 621.811 $м^3$, не евидентирана потрошена дрвна маса со вкупна вредност од околу 1.865.433 илјади денари (30 милиони евра), ако се земе предвид дека просечната цена на $м^3$ е околу 3 илјади денари, не земајќи ја во предвид еколошката и социјалната вредност на шумите.

Потрошената и посечена дрвна маса во РМ во 2014 година е прикажан на следниот графикон.




Ваквата состојба укажува на фактот дека 621.811 м$^3$, не се евидентирани и не се познати изворите за потрошените количини на дрвна маса од страна на домаќинствата, не се знае на кој начин домаќинствата ги обезбедуваат за да ги задоволат потребите за огревно дрво, дали се работи за нелегална сеча или кражби за кои надлежните институции во РМ немаат евиденција.

3.1.2. **Бесправната сеча** е еден од најголемите уништувачи на шумите во РМ. Ревизијата изврши анализа на состојбата со евидентираната бесправната сеча и ја утврди следната состојба:

- во периодот 2006 до 2016 година во ЈП Македонски шуми евидентирана е бесправно посечена дрвна маса од 168.225 м$^3$ Подетално податоците за бесправна сеча за периодот 2006 – 2016 година е прикажан во Прилог 10 од овој извештај;
- согласно податоците од Државниот инспекторат за шумарство и ловство за периодот од 2006 до 2016 година за шумите со кои стопанисува ЈП Македонски шуми бесправната посечена дрвна маса изнесува 374.535 м$^3$, а вредноста на направената штета изнесува 2.692.706 илјади денари за периодот од 10 години. Подетално прегледот за бесправни сечи во ЈП Македонски шуми за периодот 2006 – 2016 година е прикажан во Прилог 6 од овој извештај;
- во националниот парк Галичица за период 2013 до 2017 година одземена е дрвна маса од 471 м$^3$, а вредноста на евидентираната одземена бесправна сеча изнесува 4.718 илјади денари;

- во националниот парк Маврово за периодот 2007 до 2016 година поднесени се 12 пријави, одземена е дрвна маса од 32 м$^3$ а вредноста на евидентираната бесправната сеча изнесува 1.054 илјади денари.

Ревизијата изврши споредба на податоците за бесправната сеча на шумите во РМ, добиени од страна на ЈП Македонски шуми, ДИШЛ и ДЗС за 2014 година и ја утврди следната состојба:

- во ЈП Македонски шуми евидентирана е бесправна сеча од 28.472 м$^3$;
- во Државниот инспекторат за шумарство и ловство евидентирана е бесправна сеча од 44.031 м$^3$;
- согласно податоците на Државниот завод за статистика евидентирана е бесправна сеча од 25.230 м$^3$.

Ваквата состојба укажува дека во националните паркови Галичица и Маврово евидентирана е минимална бесправната сеча, додека во ЈП Македонски шуми евидентирана е поголема бесправна сеча. Исто така постои неусогласеност помеѓу добиените податоците за бесправна сеча од ЈП Македонски шуми, Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Државниот завод за статистика за 2014 година.

Проблемот со нелегалната сеча на шумите во РМ, освен економска штета значи и загрозување на еколошките и социјалните функции на шумата, како што е соголување на планински предели поради што постои можност за појава на лизгање на земјиштето, намалување на можноста за прочистување на воздухот и слично.

3.1.3. **Шумочуварската служба** врши реонско чување на шумите во шумочуварски реони, во рамките на подружниците на ЈП Македонски шуми. Под шумочуварски реон се подразбира дел од подрачје под шуми и шумско земјиште во државна и приватна сопственост. Големината на шумочуварските реони е различна и зависи од: типот на шумата, степенот на загрозеност од бесправни сечи и шумски пожари, интензитетот на стопанисувањето, конфигурација на теренот, оштетувања од биотски и абиотски фактори, отвореност со патишта, густина на населени места и оддалеченост од населени места и друго.

При првото задолжување со шумочуварскиот реон, припадникот на шумочуварската служба се задолжува комисиски со записник. Во записникот се евидентира: затекнатата состојба во шумочуварскиот реон, бесправни сечи, опожарени површини, оштетувања од биотски и абиотски фактори кои настанале во претходниот период и други оштетувања затекнати во шумочуварскиот реон.

ЈП Македонски шуми со записници во текот на 2016 година, формирало комисии во секоја подружница и ги утврдило шумочуварските реони. Од извршената анализа ревизијата ја утврди следната состојба:

- формирани се 326 шумочуварски реони кои се пополнети со 241 шумочувар или останати се непополнети 88 шумочуварски реони;

Од вкупно 30 подружници во 8 целосно се пополнети шумочуварските реони, останатите се делумно или воопшто не се пополнети со шумочувари. Подетално прегледот на бројот на шумочувари и шумочуварски реони по подружници на ЈП Македонски шуми е прикажан во Прилог 5 од овој извештај;

- при увид во правилникот за систематизацијата на ЈП Македонски шуми, ревизијата констатира дека правилникот содржи вкупен број на предвидени работни места по позиција на ниво на сите подружници, а не поединечно со што се оневозможува да се увиди и сознае реалната потреба од вработени по подружница;
- во делот на националните паркови Галичица и Маврово согласно Законот за шумите предвидено е формирање на шумочуварска служба и определување на шумочуварски реони, но истите не се формирани. Согласно Законот за Заштита на природата националните паркови имаат формирано служба за заштита на природата. Ревизијата укажува на потребата од преиспитување на формирањето на две служби во националните паркови и тоа согласно законот за заштита на природата и согласно Законот за шумите, имајќи во предвид дека националните паркови се заштитени подрачја.

Ваквата состојба укажува на потребата од поголем број шумочувари на предвидените реони во подружниците на ЈП Македонски шуми, со цел зголемување на ефикасноста при контрола и заштита на шумите во РМ.

3.1.4. Со увид во документацијата, која опфаќа дописи од ПШС, шумска полиција, записници, известувања и друго, констатирани се состојби кои се однесуваат на **шумочуварската служба**:

- недостаток на шумочувари односно, непокриеност на сите шумочуварски реони;
- неефикасност на шумочуварите во заштита на шумата од пожари и бесправна сеча;
- недоволна грижа за заштита на реоните кои треба да ги обезбедуваат;
- сите шумочувари не располагаат со легитимација од Комората за обезбедување на имоти и лица на РМ и соодветна работна униформа, што е утврдено при контроли на МВР;
- непочитување на распоредот за работа на одредени шумочувари, односно неприсуство на припадниците на шумочуварската служба во реонот со кој се задолжени за активно следење на состојбата и преземање дејствија согласно Закон и подзаконски акти, како и неуредно и нередовно водење на службени книги за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба на шумочуварскиот реон;
- задолжување на припадниците на шумочуварската служба со други работни задачи со што се загрозува одржувањето на покриеноста на шумочуварски реони со шумочувари.

Како резултат на наведените состојби, шумочуварските реони може да бидат незаштитени од бесправни сечи и кражби, да не се врши преглед на средствата со кои се пренесува дрво или дрвни сортименти на контролните рампи на шумските патишта, навремено да не се забележат и известат надлежните за појава на шумски пожари, неажурно водење на службените книги за бесправни дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон, што придонесува за недоволна заштита на шумите во РМ.

3.1.5. **Од** извршениот увид во документацијата, која опфаќа дописи од ПШС, дописи од месни заедници, од здруженија на граѓани и дописи од градоначалници до ЈП Македонски шуми, шумска полиција, МВР и други надлежни институции, а се однесуваат на **бесправна сеча,** констатирани се следните состојби:

- дрвокрадците се добро организирани, располагаат со опрема и возила, се врши дотур на бесправно извршена сеча со товарни возила, џипови и коли наменети за дистрибуција на дрва што никој од надлежните институции не ги сопира;
- намалениот интерес за снабдување со огревно дрво од населението во руралните средини е поради нелегалните диви сечи преку кои се обезбедува со огревно дрво;
- пријави за бесправна сеча и кражби на дрва се доставуваат до шумска полиција и до ПШС, но и покрај тоа кражбите и шумските штети се интензивираат. Шумочуварите и шумската полиција не се во можност целосно да се справат со организираните дрвокрадци, односно не преземаат конкретни дејствија и покрај законските овластувања и дописи со информации за кражби на дрва;
- пронајдената дрвна маса во шумите, не секогаш се пренесува до складови на ПШС, и останува на терен, поради тоа што дел од ПШС не располагаат со сопствени возила со кои би ги транспортирале дрвата во магацин;
- шумочуварите не се доволни екипирани, а во одредени реони нема шумочувари;
- шумочуварите се соочуваат со закани по нивната безбедност од страна на дрвокрадците;
- во одредени шумочуварски реони бесправните сечи земаат се поголем замав, шумочуварите не можат да се справат со сторителите на бесправни сечи и затоа бараат соработка со шумската полиција и МВР со цел заеднички да се справат со овој предизвик;
- со нелегалните активности на организираните групи целосно е загрозен и шумскиот фонд, како во државна така и во приватна сопственост и загрозен е личниот интегритет и живот на вработените кои веќе одбиваат да одат на терен без заштита, која досега од никого не ја добиваат.

Ваквата состојба укажува на некоординираност, неактивност и недоволна екипираност на инволвираните институции, како и непреземање на активности за потврдување на добиените информации од страна на надлежните институции со

цел нивно надминување, во насока на поголема заштита на шумите од бесправна сеча.




Бесправна сеча во подружница на ЈП Македонски шуми

### 3.2. Шумски пожари

3.2.1. Со увид во документацијата во **Дирекцијата за заштита и спасување** во делот кој се однесува за користење на **авионите за гасење на шумски пожари,** како и од извршените интервјуа со овластените лица ревизијата ја утврди следната состојба:

- ДЗС во текот на 2010 година има набавено три авиони од типот ЕР Трактор АТ 802 со идентична конфигурација односно истите се едноседи, оспособени за слетување на вода на пловци со носивост од 3.104 литри вода, и поседуваат компјутерски систем за исфрлање на вода;
- ДЗС има вработено 3 пилоти а систематизирани се 9, како и 4 воздухопловни техничари од систематизираните 8. Старосната структура на пилотите е од 52 до 63 години и истите располагаат со лиценца за денско летање на овој тип на авиони;
- мора да се напомене дека пилотите се од земјоделска авијација и се стручни за летање на авионите за авиотретирање на штетници, но немаат право да ги управуваат авионите бидејќи немаат соодветна преобука;
- техничката служба нема извршено обука за замена на авионите од пловци на тркала и работење со било какви апаратури за апликација на хемиски средства;
- авионите се чуваат на отворено на платформа на аеродромот во Петровец бидејќи ДЗС не поседува хангар за чување на авионите;
- не е предвидена и донесена Уредба за користење на воздухопловите за гаснење на шумски пожари, со која ќе се утврдат случаите и постапката на

користење на воздухопловите, наменети за гаснење на шумски и други пожари настанати на територијата на РМ.

Дирекцијата за заштита и спасување согледувајќи ја состојбата со авио одделението во октомври 2017 година испратила Информација до Владата на РМ за потребите на ова одделение со која се бара и набавка на авион AT - 802 Fire Boss двосед, прием на пилоти и изградба на објекти за сместување на персонал и техника.

Во информацијата наведено е следното:

- во текот на изминатите седум години авионите се докажале како ефикасни и во повеќе наврати имале клучна улога во гасењето на шумски пожари, но како резултат на редовно техничко одржување или вонредно одржување поради дефекти, многу често се случува еден или повеќе од авионите да се надвор од функција;
- со оглед на малата флота, секое приземјување на авион има големи последици врз ефикасноста на ДЗС за противпожарно дејствување од воздух. Годинешната сезона на пожари покажала дека дури и кога флотата од три авиони континуирано забележува оптимални 100% оперативност, тоа е недоволно па мора да се бара помош од Армијата на РМ, па и од други држави;
- искуството покажало дека во најголем број противпожарни операции потребно е дејствување на најмалку два авиони, освен ако пожарот не се наоѓа во непосредна близина на водена површина од која авионот може да црпи вода, па би можел да го стави пожарот под контрола, инаку во сите други ситуации за да се постигне минималната фреквенција на истурање вода неопходно е да се ангажираат два, а честопати и три авиони;
- дејствувањето со еден авион во најголем број случаи е практично бесполезно, па од тука произлегува дека флота од три авиони е неделива и не остава можност за симултано дејствување на две одделни локации.

Во информацијата се образложени причините како и поволностите од набавка на авион двосед од типот AT-802 Fire Boss и тоа поради следното:

- намалување на трошоците за проверка на пилотите во странство, односно доколку ДЗС има свој авион двосед, проверките ќе може да се вршат во РМ при што ќе се заштедат значителни парични средства;
- намалување на трошоците за обука со оглед на тоа дека со секое купување воздухоплов, на купувачот му следува бесплатна обука за летачки и технички персонал;
- можност за практичен пренос на знаења од поискусните кон помладите пилоти со поседувањето на авион двосед, ќе отвори можност и дел од обуката на нови пилоти да се врши во РМ;
- покрај тоа што авионот двосед ќе се употребува за обука, пилотски проверки и други педагошки цели, исто така ќе биде во редовна употреба и за противпожарни операции.

Недоволната екипираност, старосната структура на пилотите, недоволна обука за техничката служба, недонесена уредба за користење на авионите влијае врз ефикасност на функционирањето на авиоодделението за гасење на шумски пожари како и влијае врз ефикасноста на заштитата на шумите од шумски пожари, имајќи во предвид дека шумските пожари претставуваат еден на најголемите уништувачи на шумите во РМ.





Авиони на Дирекцијата за заштита и спасување за гасење на шумски пожари

3.2.2.**Шумските пожари** во последните две децении се еден од најдеструктивните фактори за уништување на шумите во РМ. Ревизијата изврши анализа на состојбата со шумските пожари и ја утврди следната состојба:

- Според податоците од ЈП Македонски шуми во периодот 1999 до 2017 година евидентирани се 4.014 шумски пожари, при што е опожарена површина од 170.517 хектари и опожарена е дрвна маса од 1.831.724 м$^3$ или предизвикана е штета во вкупен износ од 6.871.726 илјади денари. Подетално прегледот на шумски пожари во ЈП Македонски шуми за периодот 1999 до 2017 година е прикажан во Прилог 7 од овој извештај;
- во националниот парк Галичица за периодот 2007 до 2017 година евидентирана се 9 шумски пожари, при што е опожарена површина од 4.787 хектари за која не е утврдена направената штета во денари;
- во националниот парк Маврово за периодот 2007 до 2017 година евидентирана се 132 шумски пожари, при што е опожарена површина од 2.485 хектари и предизвикана е штета во вкупен износ од 6.735 илјади денари;
- согласно податоците од Државниот инспекторат за шумарство и ловство во периодот од 1999 до 2016 година во ЈП Македонски шуми евидентирани се 4.258 шумски пожари, при што е опожарена површина од 168.477 хектари и опожарена е дрвна маса од 1.475.426 м$^3$ или предизвикана е штета во вкупен износ од 2.459.105 илјади денари. Подетално прегледот на шумски пожари во

ЈП Македонски шуми за периодот 1999 до 2016 година е прикажан во Прилог 8 од овој извештај;

- Исто така од документацијата се гледа дека постои неусогласеност помеѓу добиените податоците за шумските пожари од ЈП Македонски шуми и Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

Опожарената површина во хектари во периодот 1999 – 2017 година е прикажана на следниот графикон.




Од извршената ревизија на документација во ЈП Македонски шуми, а се однесуваат на справување со шумските пожари ревизијата ги утврди следните проблеми со кои се соочува ЈП Македонски шуми:

- недоволна обученост на вработените за гаснење на пожари;
- недоволно опрема за гаснење на пожар (возила, алат, радио станици и тн.) и застарена опрема;
- не се користи системот МКФФИС за рано детектирање на пожари од страна на сите ПШС;
- одредени ПШС немаат доволен број на луѓе кои би се ангажирале во гаснење на шумски пожари;
- во периодот кога има високи температури неопходно е да се зголеми бројот на набљудувачки места и да се обезбеди постојано присуство на вработените шумочувари. Зголемената превенција од пожари ќе овозможи да се заштедат големи финансиски средства како и човечки ресурси;
- потреба од подобрување на координација, комуникација и соработка на ЈП Македонски шуми со останатите субјекти вклучени во гаснење на пожари со цел превенција, рано предупредување и справување со пожарите на отворен простор.

Во текот на 2017 година со Одлука на Владата на РМ дадени се на трајно користење 4 возила со специјални пумпи за гаснење на шумските пожари како и 1 товарно моторно возило и 1 специјално моторно возило за доопремување на ЈП Македонски шуми.

Како резултат на наведените состојби се оневозможува мобилност, брза и навремена интервенција за локализација и спречување на пожарите, што влијае на зголемување на трошоците за гаснење, штетите настанати од шумски пожари и намалување на шумскиот фонд во РМ.






Возила за гасење на шумски пожари добиени од Дирекција за заштита и спасување

3.2.3.Од страна на Владата на РМ не е донесена уредба со која ќе се утврдат оперативните постапки за меѓусебната комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи, со цел да се обезбеди превенција и рано предупредување, како и справување со појавени ризици, опасности, кризи, кризни состојби, несреќи и катастрофи, обврска предвидена во Законот за управување со кризи.

Во јули 2017 година од страна на ЦУК изготвен е предлог текст на **Уредбата за утврдување на оперативните постапки регулирање на постапките за меѓусебната комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи** и истата е доставена на мислење до Секретаријатот за законодавство и субјектите вклучени во СУК.

Со донесување на уредбата и оперативните процедури ќе се регулира времето и начинот на дејствување на сите учесници во системот на управување со кризи а нивната примена ќе се овозможи навремено преземање на мерки и активности за превенција и рано предупредување, како и справување со појавени ризици, опасности, кризи, кризни состојби, несреќи и катастрофи.

Во февруари 2012 година ЦУК има изготвено трето дополнение на стандардни оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу

субјектите од СУК **во прогласена кризна состојба** како главна алатка за реализација на оперативните планови на СУК. Во стандардната процедура при прогласена кризна состојба се обработени постапките за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите од СУК за 16 видови ризици меѓу кои и за начинот за справување со пожар од поголеми размери при прогласена кризна состојба.

3.2.4.Во текот на 2016 година одржан е **национален состанок за управување со шумски пожари** на кој учествувале претставници од МЗШВ, ЈП Македонски шуми, ДЗС и од глобалниот и регионалниот центар за следење на шумските пожари и се донесени следните заклучоци и препораки:

- во најкус можен рок да се формира Управувачки комитет за управување со шумски пожари и работните групи на овој комитет. Одлуката за формирање на овој комитет е донесена во рамките на спроведениот проект „Зајакнување на националната подготвеност за справување со шумски пожари во РМ“;
- доследно почитување на законските одредби во врска со шумските пожари;
- подетално регулирање на ангажманот на авионите кои се во состав на Дирекцијата за заштита и спасување при гасење на шумските пожари;
- да се направи детална анализа за подобрување на командувањето на самиот терен на акциите за сузбивање на шумските пожари од големи размери и воспоставување на систем за командување при инциденти;
- поддршка на Противпожарниот сојуз на Македонија за подобрување на состојбата со доброволното пожарникарство;
- при носење на законите и другите подзаконски акти треба да се води сметка за меѓународни конвенции и други обврски кои ги има потпишано РМ, а се однесуваат на заштита на шумите од пожари;
- соодветно да се третираат причинителите на шумските пожари што ќе резултира со намалување на бројот на пожари и штетите предизвикано од нив;
- управувањето со пожарите да се третира (законски и практично) од сите негови аспекти, како единствен пристап за регулирање на ова прашање;
- ажурирање и надградба на системот МКФФИС како алатка за превенција на шумските пожари и една од подготвителни мерки и
- преиспитување на постоечката законска регулатива за употреба на огнот во земјоделството и сточарството (палење на пасишта и стрништа).

Укажуваме дека потребно е разгледувањето и имплементирањето на овие мерки и препораки од страна на надлежните институции кои се во насока на поголема заштита на шумите од пожари, со што ќе се придонесе за поголема ефикасност во заштитата на шумите во РМ.

3.2.5.Од извршената ревизија на документација во ДЗС ревизијата ги утврди следните **проблеми кои се однесуваат на справување со шумските пожари:**

- системот МКФФИС не се користи редовно и рационално, со што би се детектирало каде има зголемена опасност од појава на шумски пожари;
- не се врши навремена размена на податоци помеѓу ЦУК и ЈП Македонски шуми;
- се намалува бројот на лицата кои учествуваат во гаснење на пожарите и покрај законската обврска;
- координацијата на терен помеѓу раководниот кадар на институциите не се спроведува според стандардните оперативни процедури на ДЗС;
- дадените насоки од одржувањето на состаноците на институциите не се спроведуваат во пракса и потребно е размената на информации меѓу институциите да се поедностави;
- не постоење на приоди до шумите, односно не се направени патишта за да може да се продре со возила до пожарите;
- немање на соодветна опрема, како радиостаници и телефони со ГПС уреди со кои силите побрзо и поедноставно ќе стигнат на местото каде што е пожарот;
- неисправни или немање на соодветни возила за пренос на луѓето до местото каде што е пожарот;
- испраќање на недоволно обучени луѓе и со несоодветна опрема и работни одела, што може да биде опасно по нивниот живот;
- најголем дел односно 26 од вкупно 35 подрачните единици за заштита и спасување во рамките на ДЗС не се пополнети со раководители, кои истовремено треба да бидат и команданти на подрачниот штаб.

Ваквата состојба влијае врз ефикасноста на постапките за гасењето на шумските пожари, а со тоа се намалува и ефикасноста во заштитата на шумите во РМ.

3.2.6.Во текот на 2017 година одржан е состанок на **ДЗС, територијалните противпожарни единици и други учесници во заштитата и спасувањето во РМ**, на кој е утврдено дека пожарникарството е доведено во тешка, назавидна и загрижувачка состојба на функционирање поради низа субјективни и објективни слабости и пропусти во системот за заштита и спасување и негрижа на институциите во чиј состав функционира како и не спроведување на одредбите од Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарство поради:

- недостаток на професионални пожарникари;
- нерегулиран статус и неисплатени плати;
- новопримените пожарникари не ги задоволуваат потребните стандарди,
- несоодветна старосна граница на пожарникарите,
- недоволна опрема (број на возила во ТППЕ е недоволен и децениски застарен);
- недоволна обука на новите кадри;
- потреба од промена и усогласување на целокупната норматива (закони, уредби и правилници) согласно европската регулатива и стандарди;
- потреба од измени на Законот за пожарникарство.

Со цел надминување на утврдените состојби од страна на учесниците донесени се заклучоци[5] за преземање на следните мерки за:

- вработување и пополнување на пропишаниот број на пожарникари, унифицирање на критериумите за прием на нови пожарникари (образование, обука, старосна граница, оценување на здравствената состојба и психо физички способности);
- типизација и стандардизација на постоечката материјално техничка опрема и инспекциски надзор од инспекторите од ДЗС на ТППЕ;
- распределба на возила приоритет да имаат оние ТППЕ кои имаат итна потреба од истите и кои немаат добиено никаква помош по ниеден основ од ДЗС или друга институција во вкупната распределба;
- опремата за заштита и спасување од магацините на ДЗС да ја користат и единиците на ТППЕ;
- итна набавка на лична заштитна опрема согласно националните и европските стандарди за заштита од пожари и заштита при работа;
- обуки, усовршување и специјализирање на пожарникарите, обучувачите и инструкторите во областа за заштита од пожари и заштита и спасување. Посебно е истакната потребата од обука и подготовка на кадри од ТППЕ за менаџирање на инциденти од поголеми размери.
- претставниците од ТППЕ да бидат активно вклучени во обуките, тренинзите и вежбите на различни нивоа на меѓународен план;
- ДЗС да иницира состанок на кој ќе присуствуваат сите надлежни институции кои се вклучени во гасење на пожарите, а со цел решавање на проблемите кои се јавуваат во нивната област на работа;
- ДЗС да го ангажира одделението за инспекција заради проверка на спроведувањето на законите за заштита и спасување и пожарникарство и актите кои произлегуваат од нив во ЕЛС;
- ТППЕ да изготват програми и заклучоци за надминување на сложената состојба.

Укажуваме дека со преземање и реализација на наведените заклучоци ќе придонесат за подобрување на ефикасноста на гасењето на шумските пожари, а со тоа и на заштитата на шумите имајќи во предвид дека шумските пожари се едни од најголемите уништувачи на шумите во РМ.

3.2.7.Од страна на подрачно одделение – регионален центар за управување со кризи Македонски Брод, направена е **Анализа[6] за пожарите** кои го зафатија подрачјето на општина Македонски Брод за период од 24.07.2017 до 04.09.2017 година, која се однесува на:

- превентивните мерки кои ги има преземено ПО - РЦУК Македонски Брод,

[5]Заклучоци број 09-2583/2 од 09.10.2017 година.
[6]Анализа за пожарите во Македонски Брод број 17-94/1 од 14.11.2017 година.

- појавени пожари, преземени мерки за нивно локализирање и прогласување на кризна состојба,
- ангажирани сили и средства на подрачјата зафатени со шумските пожари и пожарите на отворен простор и објекти,
- местото и улогата на ПО - РЦУК Македонски Брод
- предизвиканата материјална штета на подрачјата зафатени со пожар.

Со анализата е констатирано дека и покрај максималното ангажирање на субјектите вклучени во СУК во справување со пожарите, утврдени се определени пропусти и недостатоци во делот на:

- ненавремено излегување на екипите за локализирање на пожарите, што влијаело пожарите да се прошират и да зафатат поголема површина;
- недоволна екипираност и материјално технички средства на субјектите вклучени во системот за управување со кризи;
- недоволна ангажираност со лица и материјално техничка опрема на јавни претпријатија и институции од општина Македонски брод, со исключок на ТППЕ и екипите на ЈП Македонски шуми од Македонски Брод;
- силите на ДЗС од ПО Македонски Брод не биле доволно ангажирани на опожарените места, бидејќи се јавувале потешкотии со нивната мобилизација;
- ангажираните републички сили на ДЗС имале несериозен пристап во локализирање на пожарите, а одредени лица од истите сили вршеле и намерно потпалување и предизвикување на нови пожари, за што била известена и полициската станица во Македонски Брод;
- раководењето и организацијата со силите присутни на опожарените места не било на потребното ниво;
- полициската станица од Македонски Брод и шумската полиција не придонеле доволно во откривање на можни сторители - потпалувачи, иако пожарите во најголем број случаи биле намерно предизвикувани;
- шумските патишта кои претставуваат заштитна препрека и се од особена важност при локализирање на шумските пожари биле обраснати со вегетација и не биле доволно чисти.

Утврдените состојби со оваа анализа укажуваат на недоволна координација, комуникација и соработка помеѓу субјектите надлежни за заштита на шумите од пожари, односно со ненавремено излегување на екипите за локализирање на пожарите и нивна недоволна ангажираност влијаело врз ефикасноста на гасењето на шумските пожари, а со тоа и на заштитата на шумите во РМ.

## 3.3. Здравствена состојба на шумите и шумските култури

3.3.1. Заштитата на шумите против сите штетни фактори треба да се спроведува интегрално и организирано преку систем во кој вградените мерки ќе се

применуваат, синхронизирано или сукцесивно. За таа цел, врз основа на годишните Програми за проширена репродукција на шумите, МЗШВ секоја година склучува договори со Шумарскиот факултет – Скопје, Катедра за заштита на шумите и дрвото, со цел превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, која се врши преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба за шумите во РМ.

Врз база на податоците добиени од сите субјекти кои стопанисуваат со шумите, сопствените опсервации и согледувања од теренот, како и на резултатите од лабораториските анализи и испитувања, центарот за ИДП службата по аналитичката интеграција на горенаведените податоци изготвува прелиминарен и детален годишен извештај, за присуството на штетни инсекти, растителни болести и други причинители на оштетувања во природните и новоподигнатите шумски насади за тековната година.
Ревизијата изврши анализа на Извештаите за состојбата на растителните болести и штетници во природните и новоподигнатите шумски насади во РМ за период од 2009 до 2016 година и ја утврди следната состојба:

- детерминирани се видовите на штетници и растителни болести, одредена е популационата застапеност, интензитетот на нападот, степенот на оштетеност и дадени се препораки за преземање на понатамошни активности, мерки и методи за уништување на причинителите на оштетување и заболувања во шумите и шумските култури во РМ;
- како најалармантни штетници во листопадните шуми се јавуваат жолтомешката и губарот,
- во иглолисните шуми и култури се јавуваат боровиот четник и поткорниците на бор, кои од година во година се распространуваат на се повеќе хектари шума и претставуваат закана за нормалниот развиток на боровите и дабовите шуми;
- секоја година се препорачува авиотретирање за уништување на гасениците од боровиот четник, жолтомешката во дабовите шуми во април - мај како и мерки за санирање на поткорниците, односно навремено отстранување од шумата на сите исушени стебла, стебла во процес на сушење, како и стеблата со симптоми од напад на штетниците;
- заради енормното намножување на жолтомешката и губарот во дабовите шуми и континуираното присуство со висока популациона застапеност на боровиот четник и поткорници во црнборовите култури за тековната 2014 година, центарот на ИДП службата доставил до МЗШВ вонреден извештај, како и ургентни писма за појава на боровиот четник, цената на чинење на авиосузбивањето на штетни инсекти во шумите и шумските култури и користење на феромоните во шумарството;

- во извештајот за 2016 година се препорачува да се изврши авиотретирање за уништување на гасениците од боровиот четник во септември 2017 година на околу 15.000 хектари како и за жолтомешката во дабовите шуми во април - мај 2017 година на површина од околу 30.000 хектари во повеќе региони во Западна и Јужна Македонија;
- од поткорниците најзагрозени во 2016 година се белоборовите новоподигнати насади во повеќе региони во РМ, што наметнува потреба од сериозна санација на состојбата, за да истите не би се пренамножиле;
- ИДП службата истакнува дека непревземањето на предложените мерки за уништување може да доведе до пропаѓање не само на поединечни садници туку и на цели комплекси од борови шумски насади што било забележливо и на терен. Исто така нагласуваат дека непревземањето на мерки за сузбивање на гасениците на жолтомешката ќе има несогледливи последици врз нормалниот развиток на дабовите шуми во одредени региони во РМ.

Нападнатата површина од боров четник во хектари во периодот 2006 – 2016 година е прикажана на следниот графикон.




Постојаниот надзор и мониторинг на шумите и шумските култури од штетните инсекти и болести овозможува, да се интервенира благовремено и на мали површини, односно перманентното контролирање на тенденциите на движење на популациските нивоа и откривањето на почетната фаза на градација на штетните инсекти или растителните болести, ќе ја елиминира потребата од интервенција на големи површини, и ќе овозможи заштеда на работна сила и финансиски средства.

3.3.2.Од извршениот увид во документацијата која се однесува за **авиосузбивање на гасениците од боровиот четник** ревизијата ја утврди следната состојба:

- МЗШВ последното авиосузбивање на гасениците од боровиот четник го спровело во 2010 година. Планирано било да се третираат 12.000 ха во повеќе региони во РМ, а биле третирани вкупно 9.000 хектари;

- МЗШВ во 2011 година, во програмата за проширена репродукција предвидела авиосузбивање на боровиот четник на површина од 5.000 хектари, но истото не е реализирано;
- во програмата за проширена репродукција за 2012 било предвидено авионско третирање на боровите шуми и шумски култури на површина од 8.000 хектари заради сузбивање на штетникот боров четник, но со измената на програмата истото е избришано;
- во програмите за 2013 и 2014 година, воопшто не е предвидено авионско третирање за сузбивање на боровиот четник;
- во текот на 2015 година спроведена е постапка за јавна набавка на средства за третирање/сузбивање на гасеници од штетникот боров четник во боровите шуми и шумски култури на површина од околу 9.300 ха во повеќе региони во РМ. Комисија за јавни набавки побарала мислење од Фитосанитарната управа за понудениот препарат за авиосузбивањето, за што добиен е одговор дека активната супстанца NOVALURON не е вклучена во Анекс 1 листа од директивата 91/414 ЕС, како и понудениот препарат RIMON 10 не е одобрен од страна на Фитосанитарната управа, со што не е дозволен увоз и пласирање на пазарот во РМ. МЗШВ во декември 2015 година донел Одлука за поништување на постапката;
- во текот на 2016 година МЗШВ повторно се обратило до Фитосанитарната управа за одобреноста за употреба, односно увоз и пласирање на пазарот на РМ на истиот препарат и активна супстанца, за што е добиен одговор дека е дозволен за пласирање и употреба на пазарот на РМ до март 2017 година;
- во август 2016 година преземени се активности за започнување на постапки за ЈН (набавка на средства, услуга за воздухоплов и услуга за стручно раководење) за вршење на авиосузбивање на гасениците од боров четник, донесени се Одлуки за доделување на ЈН, побарана е согласност од Советот за ЈН и за истите не се добиени согласности.

  Имајќи во предвид дека третирањето за сузбивање на боровиот четник е сврзано со биологијата на штетникот односно неговите развојни фази од што зависи и успешноста на сузбивањето, биолошкиот период кога може да се третираат насадите и должината на целокупниот процес потребен за завршување на постапката за ЈН, МЗШВ ги прекинале започнатите постапки за авиотретирање;
- во Програмата за проширена репродукција за 2017 година не е предвидено да се врши авиосузбивање на боровиот четник.

МЗШВ доставило информација до Владата на РМ за можноста за користење на авионите со кои располага ДЗС, за обезбедување на авион, пилот, воздухопловен техничар, и координатор за преземање на предвидените активности.

Од страна на ДЗС доставена е информација дека авионите со кои располага, првенствено се наменети за гаснење на шумски пожари и се опремени со пловци за полнење на вода од езера. Со ваква варијанта на пловци неможат да се користат за

прскање шуми. Техничката служба нема извршено обука за префрлање на авионите од пловци на тркала и работење со било какви апаратури за апликација на хемиски средства. Пилотите немаат право да ги управуваат авионите, бидејќи немаа соодветна обука за оваа намена. Поради овие причини, авионите не можат да се користат во акцијата за прскање на боровиот четник.

Авиосузбивањето со цел да има долгорочен ефект треба да се извршува во континуитет три години, за да се стави под контрола популационата густина на боровиот четник, со што ќе се овозможи нормален развиток на боровите новоподигнати насади во РМ.

### 4. Мерки за ефикасна заштита на шумите во Република Македонија

Во рамките на оваа област ревизијата имаше за цел да даде одговор на прашањата поврзани со преземените мерки, политики и проекти за ефикасна заштита на шумите во РМ, во претходниот период, како и мерки кои што се планираат да се преземат во наредниот период, дали истите се доволни и придонесуваат за заштита на шумите во РМ, при што ги утврдивме следните состојби:

4.1. **Чувањето на шумите** во државна и во приватна сопственост се врши двостепено и тоа контролно - патролно и реонско.

- контролно патролно чување го врши шумска полиција во состав на МЗШВ;
- реонско чување го врши шумочуварска служба во состав на ЈП Македонски шуми и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена.

Контролно патролното чување на шумите се врши од страна на шумско полициските станици кои ги определува МЗШВ на цела територија на РМ.

Реонско чување се врши во шумочуварски реони кои ги определува ЈП Македонски шуми и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена. Одземеното бесправно посечено дрво и дрвни сортименти од страна на шумската полиција со записник се предаваат во складовите на ЈП Македонски шуми. Одземеното бесправно исечено дрво и дрвни сортименти од страна на шумската полиција, ЈП Македонски шуми е должно веднаш да го подигне и да го транспортира до сопствениот склад.

Од извршената анализа на добиените податоци кои се однесуваат за извршени контроли од страна на шумска полиција и шумочуварска служба и одземена дрвна маса ревизијата ја утврди следната состојба:

- **шумската полиција** за периодот од 2014 до 2017 година има направено 102.923 контроли или во просек секоја година по 30.000 контроли, вкупно се поднесени до основните судови и Јавно обвинителство 6.578 пријави, додека одземената дрвна маса изнесува 9.742 $м^3$.

Одземена дрвна маса останата на лице место изнесува 5.318 м3, поради неможноста на ЈП Македонски шуми да го подигне и транспортира од местото на одземање до складовите на ЈП Македонски шуми, поради недоволен број и застареност на превозните средства со кои располага претпријатието. Подетално прегледот за извршени контроли од страна на шумска полиција за периодот 2014 – 2017 година е прикажан во Прилог 9 од овој извештај;

- **шумочуварска служба** за периодот 2006 до 2016 година има поднесено 25.274 пријави од кои 3.692 кривични а 21.582 прекршочни пријави. Одземената дрвна маса за овој 10 годишен период изнесува само 7.791 $м^3$, додека евидентираната бесправно посечена дрвна маса во ЈП Македонски шуми изнесува 168.225 $м^3$. Подетално прегледот за поднесени пријави и одземена дрвна маса од страна на шумочуварска служба за периодот од 2006 – 2016 година е прикажан во Прилог 10 од овој извештај.

Согласно Законот за шумите припадниците на **Министерството за внатрешни работи се овластени да:**

- вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво и други шумски производи, на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи;
- ги спречат и да ги легитимираат или да ги приведат лицата затечени во вршење на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела и
- вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело **и истите ги предадат на шумската полиција.**

Од извршената анализа на добиените податоци кои се однесуваат за извршени контроли (акциски и редовни), на патнички и товарни моторни возила како и одземената дрвна маса во периодот од 2015 до 2017 година ревизијата ја утврди следната состојба:

- извршени се 1.849 акциски контроли, при што се контролирани 2.874 патнички моторни возила и 1.008 товарни моторни возила, кај 146 патнички моторни возила и 59 товарни моторни возила одземена е дрвна маса. Вкупно одземената дрвна маса од возила и од различни локации изнесува 867 $м^3$;
- извршени се редовни контроли, при што се контролирани 17.649 патнички моторни возила и 9.849 товарни моторни возила, а кај 756 патнички моторни возила и 325 товарни моторни возила одземена е дрвна маса. Вкупно одземена дрвна маса од возила и од различни локации изнесува 4.171 $м^3$;
- вкупно одземената дрвна маса во овој период изнесува 5.038 $м^3$ . Подетално прегледот за извршени акциски и редовни контроли од страна на министерство за внатрешни работи за периодот 2015 – 2017 година е прикажан во Прилог 11 од овој извештај.

Согласно податоците добиени од Државниот инспекторат за шумарство и ловство бесправната сеча за 2016 година изнесува 30.058 м$^3$, додека одземената дрвна маса за оваа година од страна на надлежните институции кај:

- МВР изнесува 1.527 м$^3$, или 5% од вкупно евидентирана бесправна сеча;
- шумска полиција изнесува 2.893 м$^3$ или 10%, од вкупно евидентирана бесправна сеча;
- шумочуварска служба изнесува 873 м$^3$ или 3%, од вкупно евидентирана бесправна сеча.

Вкупно одземена дрвна маса од страна на надлежните институции изнесува 5.293 м$^3$ или 17%, од вкупно евидентирана бесправна сеча.

Ваквата состојба укажува на малиот ефект од извршените контроли од страна на надлежните институции за заштита на шумите (шумска полиција, шумочуварска служба и министерство за внатрешни работи). Зголемувањето и зајакнување на контролите, комуникацијата и координација во спроведувањето на контролите од страна на надлежните институции ќе придонесе за поголема ефикасност во заштитата на шумите во РМ.

4.2. Надзорот над спроведувањето на одредбите од Законот за шумите и на прописите донесени врз основа на него го врши **Државниот инспекторат за шумарство и ловство.** Работите на инспекцискиот надзор ги вршат државни инспектори за шумарство. Од извршениот увид во документацијата на Државниот инспекторат за шумарство и ловство за спроведените инспекциски надзори за 2014, 2015 и 2016 година согласно Законот за шумите ја утврдивме следната состојба:

- во 2014 година спроведени се вкупно 4.151 контрола од кои 2.788 редовни, 339 контролни и 1.024 вонредни контроли;
- во 2015 година спроведени се вкупно 3.692 контроли од кои 2.720 редовни, 329 контролни и 643 вонредни контроли;
- во 2016 година спроведени се вкупно 4.431 контрола од кои 3.284 редовни, 385 контролни и 762 вонредни контроли;

Во државниот инспекторат за шумарство и ловство организиран е Сектор за инспекциски надзор во шумарство во кој се воспоставени две одделенија за инспекциски надзор во шумарството и тоа:

- одделение кое ги покрива реоните на Скопје, Кратово, Велес, Берово, Кочани, Виница, Радовиш, Струмица и Гевгелија и
- одделение кое ги покрива реоните на: Гостивар, Тетово, Кичево, Охрид, Битола, Прилеп, Демир Хисар, Македонски Брод и Кавадарци,

Во овие одделенија систематизирани се 13 работни места инспектор за инспекциски надзор во шумарството, а пополнети се 12, додека за работното место инспектор за следење на состојбата во шумарството систематизирани се и пополнети 5 работни места.

Имајќи ја во предвид површината под шума во РМ, бројот на подружници на ЈП Македонски шуми, национални паркови, големиот број на Посебни планови за стопанисување со шумите, како и обемот на овластувањата кои ги имаат шумарски инспектори согласно Законот за шумите во контролата и заштитата на шумите во РМ потребно е преиспитување на бројот на систематизирани места, односно бројот на шумарски инспектори во насока на поефикасна заштита на шумите во РМ.

4.3.МЗШВ заради спроведување на интензивен и траен мониторинг над шумските екосистеми, со оглед на штетата предизвикана од атмосферските влијанија и други природни непогоди кои влијаат на промената на состојбата на шумите и шумското земјиште, треба да донесе **програма на мерки и активности за собирање на податоци за оштетеноста на шумите и да воспостави регистар на оштетеноста на шумите**.
Врз основа на договор, програмата треба да ја изготви и спроведе Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Шумарски факултет - Скопје за период од две години. Ревизијата констатира дека од страна на МЗШВ не е донесен акт за начинот на собирање на податоци за оштетеноста на шумите, формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на оштетеноста на шумите, како и начинот на користење на податоците, кој е предвиден согласно Законот за шумите.
Не е донесена Програма на мерки и активности за собирање на податоци за оштетеноста на шумите како и не е воспоставен регистар на оштетеноста на шумите, поради што не се овозможува траен мониторинг од штетите настанати од атмосферските влијанија и други природни непогоди над шумските екосистеми
Со донесување на Програмата на мерки и активности за собирање на податоци на оштетеноста на шумите, како и со воспоставување на регистарот на оштетеност на шумите ќе се придонесе за спроведување на интензивен и траен мониторинг над шумските екосистеми од штетата предизвикана од атмосферските влијанија и други природни непогоди кои влијаат на промената на состојбата на шумите и шумското земјиште, како и ќе се придонесе за поголема ефикасност на заштита на шумите во РМ

4.4. ЈП Македонски шуми во 2015 година донело Упатство за начинот на постапување на одделението за внатрешна контрола при извршување на внатрешните контроли, контрола на квалитетот на работењето на јавните службеници на организационите единици на ниво на подружници во состав на претпријатието и внатрешна контрола за утврдување на појави за незаконски постапувања на јавните службеници и другите вработени кои не се јавни службеници, при вршење на работите од нивна надлежност, евиденција како и посебна заштита на јавните службеници вработени во службата за внатрешна контрола при ЈП Македонски шуми. Во одделението систематизирани се 5 а пополнети се 2 работни места.

Ревизијата изврши увид во **извештаите за извршена внатрешна контрола** во ЈП Македонски шуми, од страна на одделението за надзор и внатрешна контрола со цел

да се утврди дали работењето на одговорните лица е во согласност со законските и подзаконските акти, интерни упатства, склучени договори и ги утврди следните состојби:

- со увид на терен во ПШС Караџица Скопје - ШСЕ Кадина река утврдено е дека на одредени локации има свежо посечена дрвна маса, со вкупна количина од 154м$^3$ - 175м$^3$ буково и дабово огревно дрво и тоа исечени се носечките стебла во насадот, а оставени се оние со лош квалитет. Најголем дел од пенушките од кои потекнува посочената дрвна маса не биле маркирани за сеча, што укажува на фактот дека истите се бесправо посечени.
  Во друг случај, со записник од шумска полиција констатирана е количина на посечена дрвна маса од 160 м$^3$ која потекнува од пенушки кои не се жигосани и означени за сеча, односно бесправно е исечено дабово и буково огревно дрво, и побарано од ЈП Македонски шуми да преземе активности за одземање и транспортирање до нивните складови.
  На одредено место забележан е привремен објект во кои биле сместени секачи и дотурачи, остатоци од канти со бензин за моторни пили, намирници за храна, кое укажува на фактот дека станува збор за бесправно сечење на одделите што се спроведувала подолг временски период.
  Извршен е претрес на возило, во сопственост на вработен во ЈП Македонски шуми на работно место - чувар на склад, кое во моментот на контрола е паркирано во складот и при тоа е утврдено дека во багажниот простор на истото противправно е складирано буково огревно дрво за домаќинство кое е во сопственост на ЈП Македонски шуми. Огревното дрво потекнува од ШСЕ Кадина река, жигосано со жиг, испратено со испратница до ПШС Караџица, согласно важечки договор за вршење на превоз. Одделението за внатрешна контрола констатира дека вработениот наместо да ја штити и чува дрвната маса која е во складот, истиот врши противправно присвојување и кражба.
- во ПШС Лопушник Кичево при преземање на шумските сортименти во складовите, документацијата која се доставува од шумската полиција е некомплетна, што не е во согласност со Законот за шумите. Шумскиот полицаец, при предавањето на одземената дрвна маса не изготвил потврда за привремено предадени шумски сортименти која треба да содржи количина, вид на сортимент, во каква состојба е сортиментот, од која ШСЕ потекнува, име и презиме на нарушителот доколку е познат или број на записник составен од шумската полиција за да може ПШС евентуално при добивање на спорот на нарушителот по судски пат да врати сортименти наведени во потврдата или според вредноста на сортименти, но истиот издал реверс со непотполни податоци.
- во ПШС Галичица Охрид во рамки на шумското подрачје со кое стопанисува има оформено вкупно 14 шумочуварски реони, од нив 10 реони се покриени со шумочувари а останатите се покриваат дополнително од постоечките шумочувари. Констатирано е дека одговорните во ПШС Галичица - Охрид, не ги подигнале соодветните обрасци за работа на шумочуварска служба и не ги

задолжиле шумочуварите со истите. За периодот од 01.01.2015 година, до 30.06.2015 констатирано е дека шумочуварската служба поднела само една прекршочна пријава за бесправни дејствија во шума додека за истиот период во складовите на подружницата примено е 25 $м^3$ огревно дрво кое е предмет на сомневање дека потекнува од бесправна сеча на шума.

Констатирано е дека формирани се дежурни екипи за прва интервенција при појава на шумски пожари, а до моментот на контролата бил регистриран само еден шумски пожар кој не е внесен во системот за евиденција на шумски пожари. Утврдено е дека од потребните средства и алати за заштита од шумски пожари, недостигаат 2 моторни пили, 35 лопати, 15 гребла, 4 батериски ламби, 1 мешина за вода и нема постојано возило на располагање.

Ваквата состојба укажува на неправилности кои се спроведуваат од страна на вработени во ЈП Македонски шуми, неефикасност и неажурност во извршувањето на контролите од страна на шумочуварската служба во извршувањето на редовните обврски, со што се оневозможува ефикасна заштита на шумите во РМ.

4.5.Во **Програмата за работа на Владата на РМ за периодот 2017 – 2020** година во делот на заштита на шумите предвидени се следните мерки:

- спроведување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ, со учество на сите релевантни фактори од областа на шумарството и ловството, како и на граѓаните преку невладините организации;
- трансформирање на ЈП Македонски шуми во насока на одговорно раководење, зголемување на продуктивноста и задоволителни финансиски резултати;
- зголемување на шумскиот фонд во РМ и многу поквалитетно чување на шумите и заштита од дивата сеча со преминување на секторот за шумска полиција од МЗШВ, во надлежност на МВР;
- вклучување на експертската јавност во креирање на мерки за борба против ерозија и уредување на порои, пошумување на околните планини каде со уништување на шумите се допринело за ерозија на земјиштето;
- криминалот со нелегалната сеча на шумите ќе се сузбива со преминување на секторот за шумска полиција од МЗШВ во МВР.

Имајќи го во предвид значењето на наведените мерки, кои се од исклучителна важност за заштитата на шумите потребно е навремена и интензивна реализација на предвидените активности во наредниот период со цел да се придонесе за поголема ефикасност во заштитата на шумите во РМ.

4.6. Со извршените детални анализи на состојбите со шумските пожари во РМ, посебно по „кризната состојба" во 2007 година, утврдени се повеќе слабости во националниот систем за кризен менаџмент и справување со несреќи и катастрофи, поради што било неопходно воспоставување на **Интегриран систем за превенција и рано предупредување за ризикот од шумски пожари.**

Целта на интегрираниот систем за заштита од пожар (МКФФИС) е намалување на појава на големи шумски пожари, преку зајакнување на националните капацитети за превенција и рано предупредување за ризици од шумски пожари како и засилување на капацитет на ЦУК за известување и пренесување на информации и податоци до релевантни институции надлежни за превенција и рано предупредување од шумски пожари, како и подобрување на меѓусебната координација и соработка.

Преку МКФФИС системот извршено е стандардизирање на постапките за надминување на проблемите од правна, организациска, институционална и техничка природа.

Надлежните институции преку адекватен технички капацитет и алатки можат да постигнат ниво за брза меѓусебна комуникација, пристап до потребните податоци, размена на информации на стандардизиран и унифициран начин и поддршка на системот на донесување на одлуки од најниско до највисоко ниво.

Со МКФФИС системот воспоставен е веб базиран географски информациски систем во кој се поврзани сите институции кои имаат надлежности во различни фази во процесот на заштита на шумските пожари. Во системот се поставени посебни алатки за опасност од шумски пожари, карта на жаришта и карта на историјат на шумски пожари, вегетациска карта за следење на изложеност на шумската вегетација, карта на вредност на шумите, карта на сувост на вегетација и карта на индекс на пожари за следење на капацитетот и мерките на институциите.

Како корисници на МКФФИС се јавуваат Управата за хидрометеоролошки работи и ЈП Македонски шуми. Други институции кои имаат пристап до МКФФИС се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- Шумска полиција;
- Противпожарни бригади;
- Националните паркови и заштитените подрачја како и
- други институции кои имаат улога во справување со шумски пожари.

Дел од МКФФИС системот е поставен како веб сервис со што граѓаните и општата јавност можат да се стекнат со основни информации за состојбите со шумските пожари во РМ. За практична употреба на МКФФИС спроведени се обуки за крајните корисници на системот, односно претставници од различни институции кои се засегнати со превенција, заштита и справување со шумски пожари.

ЈП Македонски шуми има пристап во системот од 2015 година и истиот се користи делумно од причини што сите подружници на ЈП Македонски шуми не внесуваат податоци во електронскиот систем за евиденција на шумски пожари МКФФИС. Од вкупно 30 подружници 17 доставуваат податоци во МКФФИС системот.

Во текот на 2016 година ЈП Македонски шуми доставило наредба[7] до подружниците со цел да се обезбеди функционирање на системот МКФФИС. Од извршениот увид ревизијата утврди дека Дирекцијата за заштита и спасување, ЈУ Национален парк Галичица и Маврово не го користат овој систем.

Со целосна функција и користење на МКФФИС системот од страна на сите надлежни институции ќе се придонесе за поголема ефикасност во заштита на шумите од пожари во РМ.

4.7.Во текот на 2017 година започнат е проект кој треба да трае до 30.04.2019 година, а се однесува за **Напреден систем за превенција и рано детектирање на шумски пожари** од Европската програма на операции за цивилна заштита и хуманитарна помош. По одобрувањето на проектот потпишан е Грант договор помеѓу Европската комисија и Фулда Универзитетот за применети науки како носител на проектот.
**Целта на проектот е** да се развие напреден систем за рано откривање на шумски пожари, кој во себе интегрира мрежа на сензори, камери и беспилотни летала (дронови) за собирање на податоци, изработка на анализи, кои ќе бидат искористени да се подобри процентот на откривање на шумските пожари во области од особено значење, да ги следат областите со висок индекс на можност за настанување на пожари и областите веќе погодени од шумски пожари, и да се предвиди однесувањето на шумските пожари.
Предвидено е добиените информации од системот да се разменуваат помеѓу органите вклучени во системот за управување со кризи на сите нивоа, со цел побрзо донесување на квалитетни одлуки за ангажирање на потребен број на луѓе и средства за гаснење на пожарите, следење на состојбите во просторите зафатени со пожар, со што ќе се обезбеди намалување на можните штети од шумските пожари, заштита на животната средина и заштита на ендемичната флора и фауна која постои во националните паркови. Крајни корисници на резултатите предвидено е да бидат:

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Центарот за управување со кризи;

Проектот ќе се спроведе во:

- Национален парк Пелистер и
- Национален парк Маврово

Финансиските импликации и трошоци кои произлегуваат од изработката на проектот се поврзани со одобрените финансиски средства од Европската програма на операции за цивилна заштита и хуманитарна помош. Воената академија како партнер во проектот ги има следните задачи:

[7]Наредба број 02-445/1 од 23.04.2016 година.

- спроведување на компаративна анализа со други модели на информациски системи за откривање и набљудување на шумски пожари;
- компаративна анализа на пожарите настанати во РМ во период 2006 - 2015;
- изработка на дизајн на напреден систем за превенција и рано откривање на шумски пожари;
- истражување на постоечките интерфејсови за откривање на шумски пожари и системи за превенција (предвидување и однесување);
- изработка на содржини на апликацијата за постоечките информациски системи за кризен менаџмент;
- изработка на експериментална база на податоци за поддршка и надградба на постоечките информациски системи за кризен менаџмент;
- инсталација на комплети камери и мобилни уреди во области од особено значење и пренос на податоците до централната база на податоци во постоечкиот систем (МКФФИС);
- концепциска имплементација и интеграција на машински платформи управувани од човек;
- спроведување на истражување и мерења за согледување на ефективноста и ефикасноста на камерите и мобилните уреди (дронови) за откривање и набљудување на шумските пожари и пренос на податоците во постоечкиот МКФФИС;
- поврзување на системот со постоечките системи кои се користат во системот за управување со кризи и Европската мрежа за рано предупредување;
- запознавање на крајните корисници со напредениот систем за превенција и рано откривање на шумски пожари;
- пробен период, интегрирање и ставање во оперативна употреба на системот во постоечките системи за менаџирање со кризи на крајните корисници во земјите партнери во проектот.

Реализацијата на овој проект треба да придонесе за поголема заштита на шумите од пожари во подрачјата каде проектот ќе биде реализиран, а доколку се докаже ефикасен во својата функција истиот може да се користи и во другите делови на шумите во РМ, но исто така може и да се користи и како алатка за заштита на шумите од бесправни сечи.

4.8. Во текот на 2017 година Владата на РМ на седница[8] го задолжила ЈП Македонски шуми да изготви и да достави анализа за состојбата со дрвната маса во РМ, исто така го задолжила да изготви и до Владата на РМ да достави план за постепено постигнување на **меѓународниот стандард од 20% за влажност на дрвната маса** која се користи за огрев во домаќинствата во РМ.

[8]Извадок од седница на Владата на РМ број 44-309/1 од 15.02.2017 година.

Укажуваме на важноста на донесување односно регулирање на ова прашање кое е од исклучително значење за потрошувачката на дрвната маса во домаќинствата во РМ а најмногу влијае врз загадувањето на воздухот.

Со донесувањето на подзаконски акт ќе се регулира влажноста на дрвната маса во РМ, кој согласно меѓународните стандарди треба да изнесува 20%, што ќе придонесе за помала потрошувачка на огревно дрво, а со тоа и поголема заштита на шумите, кое ќе влијае и за намалување на загаденоста на воздухот во РМ.

4.9. Од извршениот увид во документацијата за **проектите кои треба да се реализираат** во ЈУ Национални паркови Галичица и Маврово ревизијата ја утврди следната состојба:

- **ЈУ Национален парк Галичица** во 2013 година по задолжение од Владата на РМ требало да направи измена на Планот за управување за периодот 2011 - 2020 година, со цел да се овозможи реализација на пет развојни проекти и тоа: туристички развојни зони Отешево, Стење и Љубаништа, ново проектиран патен правец А3, делница Охрид - граница со Република Албанија и ски центар на Галичица. Изготвени се нацрт измени со кои се предлагаат измени во зонирањето на паркот со цел реализирање на развојните проекти.
  На измената на Планот за управување и покрај тоа што се спротиставиле голем дел од стручната и општата јавност, невладини организации од областа на животната средина, комитетот за светско наследство на УНЕСКО и KFW банката од Германија, донесен е нацрт план за измена на планот за управување со НП Галичица. Имајќи ги во предвид наведените несогласувања со измените на Планот, како и можните последици од евентуално завршување на постапката за измена на Планот за управување, во ноември 2017 година доставила информација до Владата на РМ со предлог да ја прекинат постапката за негова измена. До денот на вршење на ревизијата не е добиен повратен одговор од страна на Владата на РМ;
- **ЈУ Национален парк Маврово**, во периодот од 2008 до 2011 година спровела проект за „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив екотуризам во НП Маврово" кој бил финансиран од страна на МНР на Република Италија. Една од целите на проектот била и валоризација и заедничко управување со природните ресурси. За остварување на оваа цел биле ангажирани повеќе експерти од различни области кои работеле на терен и за истото изготвувале извештаи во делот на биодиверзитетот во кои се вклучени и заканите и соодветните препораки за негова заштита.
  По усвојување на сите извештаи од експертите се пристапило на изготвување на карта со зони на заштита. По дефинирање на зоните, се изготвила и студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово 2011 година, од страна на 34 експерти, кои ги валоризирале видовите според сите национални акти и согласно меѓународните директиви од областа.
  Усвоената студија за ревалоризација, со картата на зонирање изработена во 2011 година, била основа за изработка на Планот за управување со заштитено

подрачје, и исто така била покрената иницијатива и бил изработен Закон за репрогласување на НП Маврово за заштитено подрачје, кој сеуште не е донесен. Вработените во НП Маврово укажуваат дека во меѓувреме се случиле одредени неусогласености со картата на зонирање, односно во предвидените зони за строга заштита започнале активности за изградба на мали и големи хидроцентрали.

Со оглед на тоа дека законската регулатива не одобрува вакви активности во зони на строга заштита, побарано е мислење од МЖСПП, од кое е добиена информација дека во текот на 2016 година ЈУ Национален парк Маврово направила промена на границите на зонирање и дел од зоната на строга заштита е пренаменета во активно и одржливо користење, односно на локациите каде се започнати активности околу изградбата на мали хидроцентрали. Она што е важно да се напомене е дека во печатената студија за ревалоризација изработена во 2016 година се оставени истите автори, текстот е идентичен со онаа во 2011 година, но различна е мапата, односно зоните на заштита.

Укажуваме дека независно од која институција ќе започне определен проект кој што на некој начин може или влијае врз уништување на шумите во РМ, треба да се добие мислење од надлежните институции со цел да не се дозволи да се започне некој проект за кој подоцна ќе се утврди дека истиот може да биде потенцијален уништувач на состојбата на шумите во РМ.

Ваквата состојба укажува на потребата од непосредна комуникација и координација на сите релевантни институции, пред да се започне определен проект, затоа што само на тој начин ќе ги заштитиме шумите и заштитените подрачја и нема да дозволиме да се спроведуваат проекти кои значително ќе влијаат врз нарушување на нивната состојба.

4.10. За надзор и контрола на движење на дрвната маса од: ознака за сеча; фаза сеча; фаза дотур; фаза превоз од шума до склад на ЈП Македонски шуми и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја, движење на истата до склад на правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти и до крајните купувачи и до пилана се воведува **електронски систем за следење на дрвната маса.** Електронскиот систем за следење на дрвната маса се воспоставува и води во ЈП Македонски шуми, а останатите субјекти треба да бидат корисници на овој систем.

Иако МЗШВ ги нема пропишано минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), функционалноста на софтверот за електронскиот систем за надзор и контрола на движење на дрвната маса, начинот на воведување, користење, одржување и надградба, ЈП Македонски шуми воспоставило електронски систем за следење на дрвна маса. Централната апликација на овој систем се состои од 2 модули:

- модул за изготвување на десет годишни планови и
- модул за следење на искористување на дрвната маса на приватните и државни шуми.

Првиот модул е за секторот за уредување, каде се изготвуваат десет годишни планови за стопанисување со шумско стопанските единици и податоците од овие планови се користат во вториот модул. Вториот модул се состои од централна апликација која се користи на персоналните компјутери (во самите подружници, во дирекција и во шумските складови) и апликација инсталирана на PDA уреди чии што податоци се синхронизираат со централниот систем. Целокупниот сет на функционалностите на централната апликација се:

- шифрарници за дрво секачи, превозници и дотурачи;
- функции за работа со задолжување на документи - строга евиденција;
- евидентирање на барања и одобрувања за сечи во приватни шуми;
- издавање на евиденциски картон за приватни шуми;
- издавање на документ за маркирање на дрва за сеча;
- издавање на документи за приватни и државни шуми:
    - приемници за сеча
    - приемници за дотур
    - испратници, спецификација на испратница за техничко дрво
- месечни и рекапитуларни извештаи.

Истата е во фаза на надградба со функционалност синхронизација со финансов систем на ЈП Македонски шуми на дневно ниво:

- примање на податоци од финансов систем за салда на комintенти и соодветен преглед и
- испраќање на податоци кон финансов систем за сите изработени документи од типот: приемници за сечи, приемници за дотур и испратници.

Апликацијата инсталирана на PDA уреди го содржи следните функции:

- приемници за сеча;
- приемници за дотур и
- испратници.

Дополнително, апликацијата работи во (off line) режим на работа, поради нецелосната покриеност со интернет на целиот терен, а кога ќе се добие интернет конекција на уредот, тогаш се прави синхронизирање на податоците со централниот систем.

Евидентирањето на овие документи се прави на лице место каде се врши сечата, дотурот и транспортот на дрвата. Испратницата се внесува и печати со PDA уредот на терен. При превозот на техничката дрвна маса, составен дел на испратницата е спецификација на испорачана техничка дрвна маса. Спецификацијата се издава според соодветен образец, кој е опфатен со софтверско решение. Испратницата се печати во три примероци, наменети за: купувач, сметководство и превозник.

Испратницата се издава за секое превозно, односно преносно средство на местото на товарање и важи за денот и часот за кој е издадена и не може да се отстапува на друго лице. Од страна на ЈП Македонски шуми по пат на јавна набавка склучени се повеќе договори за надградба на софтвер, набавка на компјутерска опрема кои се поврзани со системот за следење на дрвна маса во вкупен износ од 33.820 илјади денари.

Ревизијата констатира дека Системот за следење на дрвна маса го користат само неколку подружници на ЈП Македонски шуми, додека останатите подружници и субјекти кои се задолжени да управуваат со заштитените подрачја и правните лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти не го користат системот.

Со користењето на системот за следење на дрвна маса, како и навременото и ажурно евидентирање во истиот на сите податоци поврзани со продажбата на дрвните асортименти ќе се придонесе за поголема ефикасност во заштитата на шумите како и подобри финансиски резултати за претпријатието. Исто така користењето на системот од страна на институциите надлежни за надзор и контрола како што се шумска полиција, шумочуварска служба и МВР, ќе придонесе за поголема заштита на шумите во РМ.

4.11. Во септември 2017 година Владата на РМ го задолжило ЈП Македонски шуми врз основа на стручна анализа да подготви и да достави информација за вкупно потрошени финансиски средства за **спроведување на акцијата „Ден на дрвото“ Засадија својата иднина** со резултатите и ефектот од реализацијата на акцијата, за што ЈП Македонски шуми со допис[9] ги задолжило подружниците да формираат комисија која треба да изврши теренски увид на локациите на кои е извршено пошумување со акцијата „Ден на дрвото“ во периодот 2008 – 2016 година и за секоја локација да се достават следните податоци:

- назив на локалитетот;
- површина на локалитетот;
- временски период кога е извршено пошумувањето (пролет или есен);
- дрвни видови со кои е извршено пошумувањето и
- % на успешност, односно прифатот на садниците за секој локалитет и за секој вид на садници.

Од извршената анализа на доставените податоци од страна на 30 подружници на ЈП Македонски шуми, ревизијата ја утврди следната состојба:

- Во периодот од 2008 – 2016 година со акцијата „Ден на дрвото“ пошумени се 12.869 хектари со 39.189.860 садници, за што се потрошени 838.449 илјади денари, од кои:
    - 31.977 илјади денари се средства обезбедени од Буџетот на РМ;

[9] Задолжение број 10-658/1 од 27.09.2017 година

- 295.151 иљадa денари се средства обезбедени со Програмата за проширена репродукција на шумите;
- 362.433 иљади денари се средства обезбедени од сопствени средства на ЈП Македонски шуми и
- 148.888 иљади денари се садници дадени од ЈП Македонски шуми на други институции.

Потрошените средства за спроведување на акцијата „Ден на дрвото“ во периодот 2008 – 2016 година се прикажани на следниот графикон.




Подетално прегледот за потрошени финансиски средства за спроведување на акцијата „Ден на дрвото“ – Засадија својата иднина за периодот 2008 – 2016 година е прикажана во Прилог 12 од овој извештај.

– Во периодот од 2008 – 2016 година со акцијата „Ден на дрвото“ степенот на прифатеност/успешност на садниците е следен:
    - од 0% до 10% степен на прифатеност има во 11 подружници на ЈП Македонски шуми во кои се пошумени 3.470 хектари;
    - од 10% до 20% степен на прифатеност има во 6 подружници на ЈП Македонски шуми во кои се пошумени 1.982 хектари;
    - од 20% до 30% степен на прифатеност има во 5 подружници на ЈП Македонски шуми во кои се пошумени 4.253 хектари;
    - од 30% до 40% степен на прифатеност има во 1 подружница на ЈП Македонски шуми во кои се пошумени 126 хектари;
    - од 40% до 50% степен на прифатеност има во 3 подружници на ЈП Македонски шуми во кои се пошумени 1.586 хектари;

- од 50% до 60% степен на прифатеност има во 4 подружници на ЈП Македонски шуми во кои се пошумени 1.472 хектари;
- просечниот степен на прифатеност за вкупно пошумената површина од 12.869 хектари изнесува 21%, што претставува мал процент имајќи во предвид дека за успешно пошумувањето се смета пошумувањето во кое прифатеност на садниците е во границите од 50% до 60% согласно воспоставените стандарди во шумарството.

Процентот на прифатеност на садници по подружници на ЈП Македонски шуми е прикажан на следниот графикон.




Подетално анализата на успешност на акцијата „Ден на дрвото" – Засадија својата иднина по подружници на ЈП Македонски шуми за периодот 2008 – 2016 година е прикажана во Прилог 13 од овој извештај;

На седница на Владата на РМ во текот на 2017 година констатирала дека не е целисходен понатамошниот начин на спроведување на акцијата „Ден на дрвото" Засадија својата иднина, поради што ја прекинува акцијата и заклучила дека идните активности за пошумување треба да се реализираат преку Програмата за проширена репродукција на шумите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имајќи го во предвид ниското степен на успешност на акцијата од околу 21% на ниво на РМ, потенцираме дека потребата од пошумување е секако активност која мора и треба да се спроведува во РМ, но истата потребно е да се спроведува од страна на ЈП Македонски шуми кое ќе ги организира и изведува акциите со финансиска поддршка од државата преку Програмата за проширена репродукција со вклучување на релевантните институции надлежни за шумите во РМ, преку

донесена стратегија, план и програма, организирано со цел поголема ефикасност во успешноста на пошумувањето во РМ.

Укажуваме дека акцијата „Ден на дрвото“ од 2008 до 2010 година се спроведувала со финансиски средства од Програмата за проширена репродукција на шумите, а од 2011 година, истата се спроведувала од страна на ЈП Македонски шуми со сопствени средства за што се потрошени финансиски средства во вкупен износ од 362.433 илјади денари и дадени се садници на други институции во износ од 148.888 илјади денари.

Средствата кои ЈП Македонски шуми ги должи на државата по основ на неуплатени средства по основ на проширена репродукција изнесуваат 238.998 илјади денари. Потребно е во наредниот период да се расчистат овие средства и од 2018 година ЈП Македонски шуми да започне со редовна уплата на средства во Буџетот на РМ.

4.12. Од извршениот увид во документацијата на **Шумарски факултет – Скопје** која се однесува за дадено мислење во однос на спроведувањето на акцијата „Ден на дрвото – Засади ја својата иднина“ ревизијата ги потенцира следните констатации:

**Пошумувањето**[10] претставува една од најважните активности во рамките на шумарската дејност на секоја земја а особено во РМ, чии природни, историски и социјални прилики доведоа до обесшумување на големи површини, намалување на квалитетот на шумите, појава на ерозија, бесправни сечи, честите шумски пожари, транзиционите движења и лошата економска состојба во државата и понатаму ја влошуваат и онака неповолната состојба со шумарството, а како резултат на тоа македонската шумарска јавност се соочува со се потешки услови за својата работа;

Пошумувањето или „подигнување на шумски култури“ може да се претстави како низа или ланец на операции, чија успешност зависи од цврстината на алатките во ланецот и тоа:

- Обезбедување на генетски квалитетно семе;
- Производство на садници со пропишан морфолошки и физиолошки квалитет;
- Подготовка на теренот за пошумување;
- Садење и
- Нега на младата култура.

Секоја од овие алатки имаат свое значење и соодветна цена на чинење и истите се меѓусебно поврзани и условени од надворешни фактори.

[10]Седница на наставно научниот совет на Шумарскиот факултет – Скопје одржана на 20.10.2008 година.

За секоја од фазите е потребна и високостручна организација, а нивната изведба покрај квалитетот на работата на стручњаците, зависи од голем дел од природните услови и нивна поволност за извршување на определената фаза и тоа:

- обезбедување на генетски квалитетно семе за производство на садници претставува појдовна точка, од која зависи идниот квалитет на нашите шуми;
- успешноста на пошумувањето во многу зависи од квалитетот на садниот материјал, кој треба да биде со соодветна старост и димензии за што е потребно одредено време (најчесто 1-3 години) и соодветна расадничка производна технологија која предвидува за секој тип на пошумување во одредени природни услови (надморска висина, климатско почвено вегетациски карактеристики) во РМ и соодветни садници за соодветен дрвен вид;
- клучен елемент претставува и правовременоста и квалитетот на подготовката на теренот (копање дупки, орање и сл.) кој влијае врз условите за преживување на садниците;
- по обработка на почвата следува фазата садење на садници или пошумување, која техника подразбира употреба на соодветен алат. Кај нестручна и необучена работна сила која произлегува од масовноста се забележуваат бројни неуспеси во процесот на пошумување;
- со садењето на садниците не завршува процесот на пошумување, односно подигнување на шумската култура. На засадените садници им е потребна и соодветна нега, односно неколку окопувања и плевење во првите 2-4 години, заштита од болести и штетници, пополнување, односно замена на непреживеаните садници итн;
- планирањето, организацијата, подготовката и извршувањето на процесот на пошумување се посветува големо внимание и важност. РМ се карактеризира со широка варијабилност на природните услови, односно различни климатски, почвени, вегетациски услови кои имаат круцијално влијание врз изборот на најсоодветен дрвен вид со кој ќе се пошуми.

  Пошумувањето претставува една мошне комплексна високо стручна активност, чие планирање и извршување не смее да биде оставено на нестручност и стихијност.

Стручните лица од шумарскиот факултет констатирале дека пред донесување на одлуката за спроведување на акцијата „Ден на дрвото“ – Засадија својата иднина не биле земени предвид сите стручни укажувања, пред се во однос на масовноста со вклучување на необучена работна сила и условот акцијата да се изведе во само еден ден.

Исто така заклучиле дека ако државата одлучила да финансира вакви акции, а со цел поголема успешност на пошумувањето како и поефективно трошење на буџетските средства, пред донесувањето на одлуката и прецизирање на термините и обемот на пошумувањето, требало да се изготви краткорочен или среднорочен план за спроведување на акцијата. Во него согласно законските акти и планираните

активности би се направила стратегија и динамика на изведбата на пошумувањето врз основа на претходно направена анализа на површините, изборот на дрвните видови, техниката и технологијата на пошумување и други аспекти.
Потребата од пошумување е секако активности која мора и треба да се спроведува пред се на опожарените површини и голини. Такви акции се извршувале и во текот на 80 - те години на минатиот век кога се извршени масовни пошумувања врз основа на претходно донесен Долгорочен план за пошумување на голини. За пошумување во тој период бил формиран Фонд за пошумување на голини, кој одиграл значајна улога во реализација на планските акции.

Според нивното мислење граѓаните можат да учествуваат во пошумувањето преку пошумување на симболичен број на садници, кои ќе бидат засадени на определени места или ќе бидат поделени помеѓу населението за да можат да ги засадат во своите места на живеење каде што со сигурност истите ќе бидат беспрекорно негувани и полевани и ќе израснат во големи дрвја.

Ваквата состојба укажува на потребата од поголема вклученост на Шумарскиот факултет – Скопје, како стручна институција во шумарството во активностите кои се однесуваат на заштита на шумите во РМ. Само на тој начин ќе се придонесе за донесување на мерки и активности за кои ќе се утврдат дека се во насока или ќе придонесат за заштита на шумите во РМ.

Реализацијата на предвидените проекти без претходни анализи и стручни мислења, нема да ја постигнат својата цел а тоа е ефикасна заштита на шумите во РМ.

## IV. ЗАКЛУЧОК

Со извршената ревизија, констатирани се состојби кои имаат влијание на ефикасноста на преземените мерки, политики и проекти за заштита на шумите во РМ.

За воспоставување на целосен и ефикасен систем на заштита на шумите во РМ, констатиравме дека не се преземени сите неопходни активности од страна на надлежните институции за: спроведување на попис и воспоставување на катастар на шуми и шумско земјиште, заштита на шумите од нелегална сеча, заштита од пожари, пошумување и чување на шумите, преземање на мерки и активности за донесување и ажурирање на основните плански документи за заштита на шумите, донесување на подзаконската регулатива поврзана со заштита на шумите, заштита на шумите од штетници, завршување на започнатите проекти, спроведување на пошумувањето на начин на кој што ќе се обезбеди поголема ефикасност и успешност, обезбедување на дополнителни финансиски средства за започнување на предвидените проекти, зајакнување на кадровските капацитети, обезбедување на материјално технички средства што треба да резултира со соодветни и сеопфатни политики и инструменти за подобрување на состојбата со шумите, обезбедување на

финансиски средства за нивна заштита, подобра комуникација и координација помеѓу надлежните институции, како и поголема ефикасност на надлежните институции задолжени за надзор, мониторинг и контрола на шумите во РМ.

Реализацијата на наведените активности ќе придонесе за воспоставување на ефикасен систем за заштита на шумите во РМ, со цел да се зачува нивната состојба, како и да не се дозволи нивно уништување, имајќи го во предвид еколошкото значење на шумите за животот на луѓето во РМ, кои претставуваат дел од националното богатство, односно наследство.

## V. ПРЕПОРАКИ

**Влада на Република Македонија**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

1. Донесување на национален план за управување со пожарите на отворен простор;
2. Формирање на национален комитет;
3. Започнување на постапката на трансформација на ЈП Македонски шуми;
4. Донесување на уредбата за утврдување на оперативните постапки регулирање на постапките за меѓусебната комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи.
5. Навремена и интензивна реализација на предвидените активности согласно Програмата за работа на Владата на РМ за периодот 2017 – 2020 година во делот на заштитата на шумите во РМ;
6. Поголема вклученост на Шумарскиот факултет – Скопје, како стручна институција во шумарството во заштита на шумите во РМ;

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

7. Ажурирање на стратегијата за одржлив развој на шумарството, со цел реализација на утврдените мерки и активности, преку изработка на акционен план со утврдени рокови, надлежни институции, финансиски средства, како и очекувани резултати согласно стратегијата;
8. Изработка и донесување на општ план за стопанисување со шумите во РМ;
9. Спроведување на национална инвентаризација, вршење на попис и воспоставување на катастар на шуми и шумско земјиште;

10. Воспоставувањето на единствениот информативен систем и регистар за шумските пожари;

11. Воспоставување на информативен систем во шумарството;

12. Изработка на национален план за управување со пожарите на отворен простор;

13. Формирање на национален совет за шумарство;

14. Обезбедување на податоци за уплатените средства во Буџетот на РМ од страна на субјектите кои стопанисуваат со шумите, по основ на проширена репродукција и нивна евиденција;

15. Кадровско екипирање, спроведување на редовни обуки, како и продолжување на започнатите активности за промена на организационата поставеност на Секторот за шумска полиција;

16. Интензивирање на контролите од страна на шумската полиција, подобрување на соработката со шумочуварската служба, спроведување на заеднички акции и обезбедување на соодветна опрема;

17. Намалување на бесправната сеча на шумите во РМ;

18. Уништување на причинителите на оштетувањата и заболувањата на шумите и шумските култури во РМ;

19. Авиосузбивање на гасениците од боровиот четник и други штетници во шумите во РМ;

20. Зголемувањето и зајакнување на контролите, комуникацијата и координација на надлежните институции за заштита на шумите од бесправната сеча;

21. Донесување на Програма на мерки и активности за собирање на податоци за оштетеноста на шумите како и воспоставување на регистар на оштетеноста на шумите;

22. Непосредна комуникација и координација на сите релевантни институции, пред да се започне определен проект со кој може да се влијае врз нарушување на состојбата на шумите во РМ;

23. Спроведување на пошумување преку програмата за проширена репродукција на шумите со донесување на стратегија и план;

**Јавно претпријатие Македонски шуми**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

24. Обезбедување на финансиски средства за реализација на предвидените проекти со стратегијата за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави;

25. Редовна уплата на средства во Буџетот на РМ по основ на проширена репродукција на шумите, во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво;

26. Издвојување на средствата за проста репродукција на посебна сметка и нивно целосно искористување;

27. Уплата на средства во Буџетот на РМ, по основ на продажба на одземената дрвна маса од бесправна сеча;

28. Кадровско екипирање со шумочувари во шумочуварски реони во ЈП Македонски шуми;

29. Заштита на шумочуварските реони од бесправни сечи и кражби;

30. Интензивирање на контролите од страна на шумочуварската служба, подобрување на соработката со шумската полиција, спроведување на заеднички акции, обезбедување на соодветна опрема, како и навремено пренесување на одземената дрвната маса до складовите на ЈП Македонски шуми;

31. Подобрување на состојбата со опременоста, обученоста, користење на системот МКФФИС со цел рано детектирање и навремена интервенција за локализација и спречување на шумските пожари;

32. Подобрување на координацијата, комуникацијата и соработката помеѓу субјектите надлежни за заштита на шумите од пожари;

33. Зголемувањето и зајакнување на контролите, комуникацијата и координација на надлежните институции за заштита на шумите од бесправната сеча;

34. Кадровско екипирање на одделението за надзор и внатрешна контрола со цел зголемување на контролите на вработените во ЈП Македонски шуми;

35. Целосно користење на Македонски информациски систем за шумски пожари МКФФИС;

36. Изработка на план и донесување акт за постепено постигнување на меѓународен стандард од 20% влажност на дрвната маса која се користи за огрев во домаќинствата во РМ;

37. Целосно користењето на електронскиот систем за следење на дрвната маса, навремено и ажурно евидентирање на податоците поврзани со продажбата на дрвните асортименти;

38. Спроведување на пошумување преку програмата за проширена репродукција на шумите со донесување на стратегија и план.

**ЈУ Национален парк Галичица и Маврово**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

39. Редовна уплата на средства во Буџетот на РМ по основ на проширена репродукција на шумите, во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво;

40. Издвојување на средствата за проста репродукција на посебна сметка и нивно целосно искористување;

41. Целосно користење на Македонски информациски систем за шумски пожари МКФФИС;

42. Непосредна комуникација и координација на сите релевантни институции, пред да се започне определен проект со кој може да се влијае врз нарушување на состојбата на шумите во РМ;

43. Започнување со користењето на електронскиот систем за следење на дрвната маса.

44. Иницирање на постапка за преиспитување на одредбите од Законот за шуми и Законот за заштита на природата за формирање на две служби - шумочуварска служба и чуварска служба во заштитени подрачја во националните паркови;

**Дирекција за заштита и спасување**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

45. Иницирање на нови вработувања на пилоти и технички персонал, спроведување на обуки, како и разгледување на можноста за набавка на авион двосед со кој ќе се овозможи обуките за пилотите да се вршат во РМ;

46. Подобрување на координацијата, комуникацијата и соработката помеѓу субјектите надлежни за заштита на шумите од пожари;

47. Целосно користење на Македонски информациски систем за шумски пожари МКФФИС.

48. Иницирање на зголемување на бројот на пожарникари во ТППЕ, набавка на опрема и возила за гасење на пожари;

**Центар за управување со кризи**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

49. Завршување на постапката за изработка на уредбата за утврдување на оперативните постапки регулирање на постапките за меѓусебната комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи;

50. Подобрување на координацијата, комуникацијата и соработката, меѓу субјектите надлежни за заштита на шумите од пожари.

**Државен инспекторат за шумарство и ловство**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

51. Преиспитување на бројот на систематизирани места, односно бројот на државните инспектори за шумарство;

52. Интензивирање на надзорот кај субјектите кои стопанисуваат со шумите во РМ, во делот на спроведување на одредбите од Законот за шуми и прописите донесен врз основа на истиот.

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Сектор за оператива и логистика
Бр: 11-783/2
27-03-2018 год.

1000 Скопје,
Тел. (02) 2433-307
Факс. (02) 2433-325

**До**
**Државниот завод за ревизија**

27.03.2018
09-311/21

**Предмет:** -Забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија за успешност „Ефикасност на мерки,политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија";-

**Врска:** Ваш акт 09-311/5 од 26.02.2018 година

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија за успешност „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија" во предвидениот рок ги доставуваме следните забелешки:

- Точка 3.2.4. во делот за Шумски пожари алинеја 1 каде се бара формирање на управувачки комитет за управување со пожари за што одлука е донесена во рамките на спроведен проект „Зајакнување за национална подготвеност за справување со шумски пожари на РМ" Дирекцијата за заштита и спасување смета дека *воопшто нема потреба од формирање на вакви тела* бидејќи согласно законите точно се определни надлежностите на органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатиа и други установи и служби. Дирекцијата за заштита и спасување има формирано Главен штаб за заштита и спасување чија основна задача и обврска покрај другите е и справувањето со пожарите на отворен простор меѓу кои и шумските. Во составот на Главниот штаб членови се претставници од сите релевантни институции во државата кои може да дадат придонес и одговор во справувањето со можните природни непогоди и други несреќи и сметаме дека со формирање на вакви паралелни тела и непотребна преорганизираност ќе се створи неефикасност во раководењето и командувањето со системот за заштита и спасување.

- Точка 3.2.7. во врска со направена анализа за пожарите од страна на подрачното одделение на регионалниот центар на управување со кризи Македонски Брод, во став два алинеја 4 и 5 бараме да се исфрлат паушалните, неаргументирани и недокажани оценки кои се однесуваат на ангажирањето на силите на ДЗС, кои наводно не биле доволно ангажирани

на опожарените места и следната алинеја, дека ангажираните републички сили имале несериозен пристап во локализирањето на пожарите, а одредени лица од истите вршеле намерно потпалување и предизвикување на нови пожари за што била известена полициската станица на Македонски Брод. Ваквата анализа е интерен акт на центарот за управување со кризи и истата не била доставена, ниту пак била известена Дирекцијата за заштита и спасување и истата не е валидна за Дирекцијата за заштита и спасување.

- Точка 4.6, став 6 и став 9, каде се кажува дека корисници на МКФФИС меѓу другите е и Дирекцијата за заштита и спасување и од извршениот увид на ревизијата дека Дирекцијата не го користи овој систем, треба да се додаде дека за истиот Дирекцијата нема одобрен пристап од страна на ЦУК.

- Глава V. ПРЕПОРАКИ – *Владата на Република Македонија* препорачува одговорните лица да превземат мерки и активности

  - под точка 1 „Донесување на национален план за управување со пожарите на отворен простор", Дирекцијата смета дека таа е, и треба да биде носител на овој документ, бидејќи Законот за заштита и спасување го наложува тоа и прецизно е дефинирано при планирањето, организирањето и спроведувањето на мерка за заштита од пожари експлозии и опасни материи. За таа цел Дирекцијата има формирано сили, обезбедено средства и има надлежност во раководењето и командувањето со нив при справувањето со пожарите на отворен простор.
  - под точка 2 „Формирање на национален комитет", Дирекцијата смета дека нема потреба од формирање од вакво тело, бидејќи согласно Законот за заштита и спасување надлежностите и обврските во раководењето со операциите и активностите во справувањето со пожарите на отворен простор е на Главниот штаб за заштита и спасување како оперативно и стручно тело на Владата на Република Македонија.
  - Под точка 4 во врска со „Уредбата за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација и координација, соработка и поставување на субјектите во системот за управување со кризи" Дирекцијата за заштита и спасување во рамките на работната група даде свој придонес во текстот и достави мислење до надлежните и од непознати причини нема информација зашто со истата се доцни.
  - Под точка 45 од препораките Дирекцијата за заштита и спасување веќе ги применува препораките за што се донесени и соодветни заклучоци од Владата на Република Македонија.

- Под точка 46, во изминатиот период е подобрена координацијата, комуникацијата и соработката со субјектите надлежни за шумски пожари.
- Под точка 47, Дирекцијата бара целосен пристап во користењето на Македонскиот информациски систем за шумски пожари (МКФФИС) до кој од необјасниви причини Дирекцијата за заштита и спасување нема пристап.
- Под точка 48, Дирекцијата превзема и ќе превземе иницијатива за зголемување на бројот на пожарниkарите, набавка на опрема и возила за гасење пожари во рамките на својот делокруг и можности.
- После точка 50, да се додаде точка 50-а, каде ќе се задолжи ЦУК неодложно да овозможи целосен пристап во користењето на Македонскиот информациски систем за шумски пожари (МКФФИС).

Изработил: Слободан Вуковиќ
Маја Тимовска

**Директор**

**Аднан Џафероски**

**Доставено до:**
- насловот,
- архива.

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

МКД СЕРТИФИКАТ
**МКС EN ISO 9001:2009**
**Број на сертификат:**
**СТ-16/3-023**

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр. 02-3588/3
10.04.2018 год.

Аминта трети бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

ДО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Палата „Емануел Чучков“
Ул.„Јордан Мијалков“
П.Фах 249
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА СКОПЈЕ
Примено 19.04.2018
09-311/22

ПРЕДМЕТ: Забелешки на Нацрт извештај
ВРСКА: Ваш бр.09-311/16 од 26.02.2018 година

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија“, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги дава следните забелешки:

1. Во Резимето со поднаслов „Финансирање на заштитата на шумите во РМ“, во алинеа 4 да се додаде „и со Државниот инспекторат за шумарство и ловство (ДИШЛ)“;

Исто така, да се додаде и нова алинеа 6 која гласи:
„- не е формирана Агенција за шумарство и ловство, согласно Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија“.

2. Во делот I. Основни податоци со поднаслов „Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија“, во точката *Зајакнување на капацитетите* да се додаде и „ Секторот за шумарство и ловство“;

Во поднасловот „Закон за шумите“ на стр.12, во третиот пасус, последната реченица да се дополни со зборовите „и од одбрана“ (член 29 став (5) од Законт за шумите), а на стр.14, во вториот пасус да се додаде „и на припадниците на Министерството за внатрешни работи“ (член 80-а од Законот за шумите).

3. Во делот III. Ревизорски наоди, на стр.20, во потточка 1.1, во третиот пасус да се додаде нова алинеа 10 која гласи :
„- не е формиран Национален совет за шумарство“. (член 26 став (1) од Законот за шумите);

На стр.21 во потточката 1.2 по зборот „МЗШВ“ да се додадат и зборовите „Извештајно дијагнозно прогнозната служба (ИДП служба)“;

На стр.23, во потточката 1.4, алинеа 1, треба да се корегира и да се каже дека Правилникот за содржината и начинот на спроведување на национална инвентаризација на шумските ресурси не е изработен воопшто, а последниот пасус, зборовите „неизвршениот попис“ да се бришат, бидејќи тоа е исто што и инвентаризација;

На стр.25, во потточката 1.7, вториот дел од првиот пасус да се корегира и на крај на реченицата точката да се замени со запирка и да се дополни со текстот „а истиот е веќе изработен како предлог верзија од страна на проектот: Зајакнување на подготвеноста за шумски пожари, TCP/MCD/3201 (D**),** финансиран од ФАО**.“** (во прилог).

На стр.28, во потточката 2.1, објаснување за алинеа 5: Секторот за шумарство и ловство при МЗШВ од декември 2017 година со одобрение на Министерството за финансии веќе има увид во висината на извршените уплати на уплатната сметка во Буџетот на РМ за проширена репродукција на шумите од страна на правните и физичките лица.

На стр.30, во истата потточка, да се направи исправка на називот на Секторот: Секторот за шумарство и ловство при МЗШВ и на програмата 20 – Шумарство (на две места);

На стр.31, во истата потточка, наместо ЈП Македонски шуми и ЈУ Национален парк Галичица да стои „субјектите кои стопанисуваат со државните шуми и субјектите кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена“;

На стр.37, во пасусот под графиконот, каде укажувате на фактот дека 621.811 $м^3$ , не се евидентирани и не е познат изворот за потрошените количини на дрвна маса од страна на домаќинствата, треба да се земе во предвид и огревното дрво кое е увезено, за кое не треба дозвола/одобрение за увоз. Согласно член 71-а став (2) од Законот за шумите, при влезот на дрвото и дрвните сортименти во Република Македонија на склад од увозникот, односно пред да се пушти во промет за истото се врши евиденција за влез во склад, жигосување со жиг за увезена дрвна маса, а за промет се издава испратница.

На истата страна, во потточката 3.1.2, првата реченица да се дополни со зборовите „и извор на корупција.“;

На стр.38, во третиот пасус за неусогласеноста на податоците за бесправна сеча добиени од повеќе институции, да се додаде и Шумската полиција;

Во потточката 3.2.1, алинеа 4 (стр.42) да се дополни со зборовите „со што истите би се употребувале и во шумарството (авиотретирање на боровиот четник);“ ;

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

На стр.60, во точката 4.5, да се додаде нова алинеа која гласи:

„- формирање на Агенција за шумарство и ловство, согласно Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија“;

4. Во делот V. Препораки, Влада на Република Македонија, на стр.74, да се додадат две нови мерки и тоа:

„2-а. Формирање на Национален совет за шумарство“ и

„3-а. Формирање на Агенција за шумарство и ловство“;

Во точката 9, зборовите „вршење на попис“ да се бришат;

Точката 14 веќе е реализирана од декември 2017 година и

Точката 19 да се дополни со зборовите „доколку има препораки од ИДП службата“.

Со почит,

Министер
Љупчо Николовски

Изработил: С. Доневска

Контролирал: Ј. Дика

Согласен: м-р Ј. Здравковски

**ПРИЛОГ 15**

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија“ и тоа:

- Забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија“, број 11 - 783/2 од 27.03.2018 година од раководното лице на Дирекцијата за заштита и спасување Аднан Џафероски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09 - 311/21 од 27.03.2018 година и
- Забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија“, број 02 - 3588/3 од 10.04.2018 година од раководното лице на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09 - 311/22 од 19.04.2018 година.

Забелешките добиени од **Дирекцијата за заштита и спасување** (ДЗС) разгледани се од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Доставените забелешки во делот III Ревизорски наоди на **точката 3.2.4.** кои се однесуваат на потребата од формирање на управувачки комитет **претставуваат известување** за ставот на ДЗС дека нема потреба од формирањето на наведениот комитет, поради тоа што со формирањето на паралелни тела ќе се предизвика неефикасност во раководењето и командувањето со системот за заштита и спасување во Република Македонија. Овластениот државен ревизор во извештајот ги презентира донесените заклучоци и препораки од страна на надлежните институции, во кои учествувала и ДЗС и во наведената точка од Нацрт извештајот укажува на потребата да се разгледаат донесените заклучоци и препораки, со цел да се утврди дали нивната имплементација ќе придонесе за поефикасна заштита на шумите во Република Македонија.

2. Доставените забелешки во делот III Ревизорски наоди на **точката 3.2.7**, кои се однесуваат на констатираните состојби за анализата на пожарите **претставуваат известување** за ставот на ДЗС односно дека Анализата на пожарите во Македонски Брод е интерен акт на ЦУК и истата не била доставена, ниту била известена ДЗС поради што за истата сметаат дека не е валидна, односно не ја одразува реално состојбата со ангажирањето на силите на ДЗС со процесот на справување со пожарите во Македонски Брод. Овластениот државен ревизор во Нацрт извештајот ги презентира утврдените состојби со наведената анализа, изработена од страна на ЦУК, која е доставена и до Советот на општина

Македонски Брод. Утврдените состојби како пропусти и недостатоци се однесуваат за сите субјекти вклучени во заштита на шумите од пожари, а не само за ДЗС. Во Нацрт извештајот исто така наведено е дека утврдените состојби укажуваат на недоволна координација, комуникација и соработка помеѓу надлежните субјекти за заштита на шумите од пожари во Република Македонија, што со доставените забелешки ДЗС ја потврдува констатираната состојба од страна на Овластениот државен ревизор.

3. Доставените забелешки во делот III Ревизорски наоди на **точката 4.6.** кои се однесуваат на констатираните состојби дека ДЗС не го користи МКФФИС системот поради неодобрен пристап **не се прифаќа,** од причина што во Нацрт извештајот се презентирани утврдените состојби за фукционирањето на системот МКФФИС, меѓу кои како корисник е и ДЗС. За практична употреба на МКФФИС системот спроведени се обуки за крајните корисници на системот, меѓу кои и за ДЗС. Согласно добиените податоци од страна на ЦУК, за 58 вработени во ДЗС овозможен е пристап за користење на овој систем.

4. Забелешката на дадената препорака број 1 по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, која се однесува на донесување на Национален план за управување со пожарите на отворен простор, за која ДЗС смета дека треба да биде носител на овој документ **не се прифаќа,** од причина што донесувањето на овој документ е обврска предвидена со Законот за шумите, за која надлежност има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

5. Забелешката на дадената **препорака број 2** по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, која се однесува на формирање Национален комитет за управување со пожарите на отворен простор, за која ДЗС смета дека нема потреба од негово формирање **не се прифаќа,** од причина што фомирањето на националниот комитет е обврска предвидена со Законот за шумите, за која надлежност има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

6. Доставените забелешки на препорака број 4 **претставуваат известување** во врска со донесувањето на Уредбата за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација и координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи, за чија изработка и донесување надлежен е ЦУК како што е наведено и во самиот нацрт извештај.

7. Доставените забелешки на препораките број 46, 47 и 49 **претставуваат известување** за преземени мерки и активности по однос на дадените препораки на Овластениот државен ревизор во Нацрт извештајот.

8. Доставените забелешки на препораките број 48 и 50 **претставуваат известување** во делот на потребата за целосен пристап на користење на Македонскиот информациски систем за шумски пожари МАКФФИС, како и дополнување на препорака.

Овластениот државен ревизор во Нацрт извештајот, со цел решавање на проблемите со кои се соочуваат ДЗС и ЦУК во заштитата на шумите од пожари, има дадено препораки за подобрување на нивната координација, комуникација и соработка.

Забелешките добиени од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** (МЗШВ) разгледани се од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, која се однесува на дополнување на резимето во делот на финансирање и заштита на шумите во РМ, како и во делот на основни податоци **не се прифаќа,** од причина што во резимето од Нацрт извештајот состојбите се наведени во скратена форма.

2. Забелешките кои се однесуваат на дополнувања на делот на Основни податоци **не се прифаќаат,** од причини што во основните податоци се наведени делови од законската и подзаконската регулатива согласно методологијата на ДЗР, додека во делот Ревизорски наоди истите се детално објаснети.

3. За забелешките кои се однесуваат на делот III Ревизорски наоди по Нацрт извештајот, овластениот државен ревизор го констатира следното:

   – Забелешката на **точка 1.1** која се однесува на дополнување на Стратегијата, дека не е формиран национален совет за шумарство **не се прифаќа,** од причина што формирањето на ова тело е законска обврска, а не стратешка цел, што е наведено во точка 1.9 од Нацрт извештајот.

   – Забелешката на **точка 1.2**, која се однесува на дополнување на текстот со Извештајно дијагнозно прогнозна служба како дел од субјектите должни за следење на здравствената состојба на шумите **не се прифаќа**, од причина што согласно Стратегијата за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопаталошки и ентомолошки појави не е предвидена соработка на субјектите со истата.

   – Забелешката на **точка 1.4,** која се однесува на донесување на правилникот за содржината и начин на спроведување на национална инвентаризација **не се прифаќа**, од причина што на ревизијата и беше доставен нацрт работна верзија на правилникот, но истиот не е донесен. Ревизијата укажува дека во Законот за шумите предвидени се посебни постапки за инвентаризација и за вршење на попис.

   – Забелешката на **точка 1.7,** која се однесува на дополнување на текстот дека националниот план за управување со пожарите на отворен простор е изработен **не се прифаќа**, од причина што доставениот План ревизијата го имаше во предвид но истиот е во работна верзија од 2012 година и сеуште не е донесен.

- Забелешката на **точка 2.1** кои се однесуваат за увид во висината на извршените уплати на уплатната сметка во Буџетот на РМ за проширена решродукција на шумите **претставуваат известување** за преземени мерки и активности во врска со утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

- Забелешката на **точка 2.1**, која се однесува на исправка на називот на секторот за шумарство и ловство и програма 20 – Шумарство **се прифаќа**, од причина што претставува техничка грешка, и истото соодветно ќе биде изменето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

- Забелешката на **точка 2.1**, која се однесува на дополнување на текстот со субјектите кои стопансиуваат со државни шуми и субјектите кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намана **не се прифаќа**, од причина што ревизијата ги има наведено субјектите кои беа предмет на ревизија и за кои утврди дека не вршат уплата на средства во Буџетот на РМ по основ на Програмата за проширена репродукција на шумите.

- Забелешката на **точка 3.1.1,** која се однесува за дополнување на анализата за потрошената количина на дрвна маса согласно член 71-а став 2 од Законот за шумите за влез на дрво и дрвни сортименти во РМ **не се прифаќа**, од причина што извршената анализа во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор е согласно официјалните податоци на Државниот завод за статистика кои се однесуваат само за огревно дрво.

- Забелешката на **точка 3.1.2,** која се однесува на дополнување на текстот дека бесправната сеча е извор на корупција **не се прифаќа**, од причина што истото претставува став на МЗШВ за определени состојби утврдени во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

- Забелешката на **точка 3.1.2**, која се однесува за анализа на податоците за бесправна сеча и од шумската полиција **не се прифаќа**, од причина што шумската полиција на располага со целосни податоци за бесправна сеча, како што располагаат ЈП Македонски шуми, Државен инспекторат за шумарство и ловство и Државен завод за статистика.

- Забелешката на **точка 3.2.1**, која се однесува на дополнување на текстот за употреба на авионите и за авиотретирање на боров четник **не се прифаќа**, од причина што во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор детално е објаснет во кои услови и кога ќе можат да се користат авионите за гасење на пожари и за авиотретирање.

- Забелешката на **точка 4.5,** која се однесува на дополнување на текстот за формирање на Агенција за шумарство и ловство согласно Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ **не се прифаќа**, од причина што наведените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор се дел од програмата за работа на Владата на РМ за периодот 2017 – 2020

година, која се однесува на спроведување на стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ, а не и на конкретни мерки и цели на истата.

4. Забелешката на МЗШВ по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, во делот V Препораки, за додавање нови мерки **не се прифаќа**, поради следното:
   - формирањето на национален совет за шумарство е во надлежност на министерот на МЗШВ;
   - формирањето на Агенција за шумарство и ловство е дел од мерките наведени во стратегијата за одржлив развој на шумарството за што овластениот државен ревизор има дадено препорака;
   - предлогот за бришење на зборовите за „вршење на попис" е образложено во одговорот на забелешките даден во точка 1.4;
   - дадената препорака број 19 до МЗШВ, која се однесува на авиосузбивањето на гасениците од боров четник и други штетници во шумите во РМ е мерка која произлегува од извештаите на Извештајно дијагнозно прогнозна служба која е детално објаснето во точка 3.3.1 од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.